**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Триесет и шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 април 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 36-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велију, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Селиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Илинка Митрева, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Менфух Тачи и Даут Реџепи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по 7-та точка.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор господин Шабан Салију, повелете.

**Шабан Салију:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван заменик министер.

Како пратеник и јас би сакал да се произнесам во поглед на овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително средно образование.

Вчера слушнавме разни дискусии, меѓу кои и останатото се зборуваше од моите колеги за состојбата во образованието кај Ромите, па би сакал токму тоа, да ги разјаснам некои состојби и ќе кажам одредени податоци, кои мислам дека ќе ја дадат вистинската состојба за состојбата во образованиете на Ромите.

На почетокот би сакал да кажам дека член 3 став 1 кој се менува и гласи: “Средното образование е задолжително за секој граѓанин подеднакви услови утврдени со овој Закон”. Тука сметам дека нема основа и можност, дека подеднакви услови, децата од Ромската заедница ќе можат да се вклучат со останатите деца кои ќе посетуваат средно образование. Основна причина зошто нема да имаме еднакви можности е социјално економската состојба кај граѓаните од Ромската заедница. Ромите однапред би биле хендикепирани во рамномерно еднакво вклучување во средното образование.

За да дадам поткрепа на ова мое мислење, мислам дека е потребно да дадам една анализа која сега ќе ја изложам. Ромите во Македонија се популација за жал, маргинализирани, дискриминирани, образовно социјално и економски етничка заедница. Податоците на Агенцијата за вработување во Република Македонија во 2005 година кажуваат дека во државата има околу 388 лица, или 39% невработени од вкупно работоспособното население. Ромската заедница според пописот брои некаде 53.879 лица, или 2,6% од вкупното население во државата, така што во Агенцијата за вработување евидентирани се 16.740 Роми невработени, или што е фрапантно голема бројка, 71,3%. Ако се земе предвид бројката која поради непостоење на соодветна документација, државјанство и друго, и не се пријави во Заводот за вработување, ќе се стигне до бројка од околу 85% невработени Роми во државата од вкупно работоспособно население.

Корисници на социјална помош се 7.468 семејства Роми или 44% и исто така огромен број на корисници. Квалификационата состојба, согласно Агенцијата за вработување кај Ромите е следната: 16.333 лица се неквалификувани, полуквалификувани, или квалификувани. 402 лица Роми се со средно образование регистрирани, 9 лица со вишо образование и околу 20 лица со завршено високо образование. Добро е што во рамките на Министерството за образование и наука оваа Влада именува директор во Управата за развој и унапредување на јазиците на заедниците, тоа е Аница Демировска, која има своја анализа и со помош на тие анализи, јас би сакал да дадам тука одредена претстава како се движи бројот на учениците. Во основното образование од прво до осмо одделение се евидентирани 8.788 ученици. Во учебната 2005-2006 година завршиле 710 ученици, од евидентирани 8.934. Во средното образование 2005-2006 година запишани 1.700 ученици од прво до четврто одделение.

Особено важно е во овој дел што оваа Влада имаше сенс и за прв пат од постоењето на општина Шуто Оризари на 8 април Светскиот ден на Ромите, веќе се започнати подготовки за одбележување на местото каде што ќе се изгради средното училиште, односно кое ќе биде непосредно до граѓаните од Ромската заедница, односно учениците.

Лично сметам дека ова е најголемиот подарок воопшто во светот што на Ромите им е даден. Според истражувањата Ромите, постари од 15 години, односно 24% се неписмени. 30% од Ромската заедница не го завршиле основното образование, додека 9,2% имаат завршено средно образование, односно само 0,3% имаат високо образование.

Сметам дека добро е решението на Владата дека по став 1 се додава нов став 2 во членот 3 кој гласи: “Средното образование во јавните средни училишта е бесплатно”. Што лично сметам дека не е доволно за граѓаните од Ромската заедница, односно за учениците Роми.

Имено, нашата Влада за Ромската заедница треба да изготви дополнителни програми, прво, за масовно вработување на Ромите во нашата

држава, бидејќи освен што се најнеобразовани, тие се и најневработени. Подоцна ќе објаснам зошто е таква состојбата. Бројни се причините заради кои степенот на образование на Ромите се наоѓа во вакво едно незавидно ниво. Не е точно, некој да помисли дека Ромите не се интелегентни, не можат да завршат основно образование, толку им е лимитот на интелегенцијата. Напротив, вие добро знаете, бидејќи вие секојдневно, дали како соседни, или како пријатели се соочувате со Ромите. И еден неписмен Ром, успева во овие тешки времиња во нашата држава добро да се интегрира, односно да опстане да живее тука.

Би сакал да наведам само неколку причини, а тоа е лошата социјалекономска состојба на голем дел од Ромските семејства. Бројот на деца што се запишуваат во училиште е помал во однос на реалниот број на деца кои треба да бидат опфатени со програмите. Потоа, не постојат соодвети домашни услови за учење, односно, лоши се условите за домување. Вие сите тоа драги колеги го знаете и македонската јавност која не следи. Ромите живеат секогаш во супстандардни живеалишта, односно 99% ќе кажам од мојата заедница и тоа на крајот од градовите, во некои импровизирани куќички. Потоа, детскиот труд, односно наместо овие дечиња да се борат да завршат основно и средно образование, па и високо образование, мораат секој дневно да се борат за својот физички економски опстанок, односно децата на ваквите родители подобро е денеска на пазарот во Шуто Оризари да извадат 200 денари, кои ќе служат за физичко опстојување, отколку да одат на училиште, што лично сметам дека е грешка. Потоа, мрежата училишни установи за прифаќање на сите Ромски деца е доволно развиена. Исто така, постои еден нефлексибилен однос во однос на уписната политика. Мора да се зголемат процентите за запишување на Ромските ученици низ сите градови, односно секаде каде што постојат срдни училишта. Нема да биде доволно само во Шуто Оризари да се направи средно училиште, бидејќи би било погрешно, сите Роми од цела држава да дојдат во Шуто Оризари, односно учениците да учат, или да живеат.

Главна причина за ваквата состојба е секако и неписменоста на родителите, односно ниското образовно ниво на родителите кои немаат мотивација своите деца да ги праќаат на училиште. Постои отсуство на свест за важноста на образованието. Потоа, до сега учебниците и другите помагала, па и патувањето од одредени населби, потребни се автобуси и храна, до сега беше додатен товар за Ромските дечиња да можат да се запишат во средните училишта и да ги завршат истите.

Исто така, слабиот успех на децата делува демотивирачки во основното образование за продолжување во средните училишта. Често, за жал, причина е склучување на малолетнички бракови во порани години, или издржување на семејствата со постари лица. Меѓутоа, за жал, морам и ова да го потенцирам. Има појава на сегрегација и дискриминација. Ромските деца не се соодветно прифатени во средината каде се образуваат, другите деца не сакаат да седат со нив и да се дружат, па обично седнуваат сами во задните клупи, некои професори не работат доволно со овие деца и забележана е дискриминација во однос на оценувањето. Тоа лично го знам и мене ми се случувало како Ром, а и сега имам податоци и појава на такви состојби од другите кои ме известуваат.

Од тие причини, сметам дека за да се подобри можноста за адекватно вклучување на Ромските деца и во основните и во средните училишта, потребни се одредени мерки.

Согласно член 48 став 4 од Уставот на Република Македонија во програмата за предметната настава на основно образование да се воведе ромскиот јазик како задолжителен на дечињата од Ромската заедница, согласно Законот за основно образование. Создавање на услови за дообразување и дообучување на возрасни лица кои од многу причини не го завршиле основното образование, односно средното образование, согласно оваа задолжителна законска обврска. Зголемување на државните квоти за Ромската заедница при запишување во средните училишта и обезбедување на финансиски средства, она што и Законот во овој момент го предвидува, да се финансираат сиромашните ученици по пат на стипендии, кредити, и други работи.

Да се излезе во пресрет на потребата од отворање на нови основни училишта во ромските населби. Да постојат специјални програми во училиштата за да може да се заокружи основното образование со вечерни школи или слично. Потоа, ромските деца да се приклучат во етнички мешани одделенија, организирање на дополнителна настава за совладување на материјата. Обука на наставниците, оние кои предаваат да знаат нешто за Ромската заедница, односно за состојбата околу оваа Ромска заедница, условите под кои живеат, психологијата на тие деца. Исто така, промоција на јасни и објективни критериуми за оценување на знаењето на учениците, вклучување на родителите во Советите во самите училишта, каде можат директно да ги спознаат проблемите со кои се соочуваат нивните деца, обезбедување на педагошка специјална помош и за нивните родители и да се земат позитивни примери на успешни Роми да се промовираат меѓу децата. И на крајот јас би сакал само да се осврнам на овој член од Предлог законот. Во спротивно, ако не се преземат овие потребни мерки на постојните проблеми, јас се плашам дека член 4 од Предлогот на законот ќе биде катастрофален, односно погубен за Ромската заедница, односно за родителите и секако, за децата кои ќе имаат наполнето 18 години, бидејќи членот 4 во став 1 кажува: за родителите кои нема да ги запишуваат децата, или оние деца кои нема да посетуваат средно задолжително образование постои можност да им се изрекуваат казни од 1.000 до

800 евра. Ако е ваква состојбата како претходно што ја изложив ова би било катастрофа за Ромската заедница. Во тој случај наместо да се изградат училишта и да им се овозможи соодветно интегрирање во современите текови на општеството и овие европски трендови, ние ќе мора да изградиме затвори за овие луѓе кои не ќе можат да ги исплаќаат тие казни. Доколку не се фклучат децата од Ромската заедница во ова образование, би било многу лошо. Апсолутно со другото се согласувам дека одлична е најавата на Владата за задолжително и бесплатно јавно средно образование, бидејќи би се подигнало нивото на образование на сите млади Ромчиња и возрасни, зголемување на стручноста и работната способност, која е основа и при самото вработување. Јас конкретно имам проблеми со вработување на мои сопартици и други лица на соодветни места, бидејќи немаат соодветно образование во голем дел од населението, како што дадов изјава. Со овој Закон би се подобрил нормално и потенцијалот за вработување и би се намалила секако, сиромаштијата и невработеноста, зашто ние Ромите особено мојата партија, агендата, односно главната цел на нашата партија е образованието. Знаеме дека без образование нема иднина и дека образованието е еднинствен излез, виза за интегрирање во општеството и во Европа. Јас ви благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, веќе трет ден дебатираме по законот за задолжително средно образование, слушнавме дискусии од пратениците од парламентарното мнозинство од Министерството за образование и наука, подкрепено со статистички показатели, анализи, податоци и информации. Ја слушнавме и опозицијата, која што жестоко го напаѓа проектот на Владата за задолжително средно образование сметајќи дека нема услови за тоа.

Пред да почнам да дискутирам, а нема долго да дискутирам, од причина што нема да ги пофторувам веќе изнесените аргументи од колегите пратеници и од Министерството за образование и наука. Во интерес на времето и во интерес на рационалноста, ќе кажам на самиот почеток дека пратеничката група на НСДП секогаш и сега ќе подржува проекти што се од општ и национален интерес и прогрес, што значи дека НСДП го подржува проектот за задолжително средно образование и ќе ја подржува неговата имплементација и реализација преку својата активна политика. За овој проект и други проекти што се од заеднички интерес и значење треба да постои национален консензус. Треба да бидеме колеги пратеници единствени и да се договориме дека сите заедно ќе вложиме максимум енергија, ќе ги вложиме максимално човечките ресурси и капацитети во реализирањето на сите процеси што се предуслови, или услови за отпочнување на задолжително средно образование.

За оправданоста од воведување на задолжително средно образование, како што реков, беа презентирани соодветни податоци и информации и компаративни анализи, но покрај нив, интересно е да се спомне дека денес во Република Македонија сепак на повидок се претпријатија односно компании кои што слободно можеме да кажеме дека пред се имаат добро организирана поставеност односно претставуваат модерно организирање мали и средни претпријатија.

Тие полагаат и вложуваат во квалитетот на сопствените производи и услуги бидејќи ја сватиле суштината односно принципите на пазарната економија. За таа цел се појавува потреба од поквалитетна понуда на работна сила на пазарот на труд што се разбира, тоа може единствено да се обезбеди преку реформите во образовниот систем на Република Македонија.

Понатаму, не може Република Македонија која што е земја кандидат за членка во Европската Унија земја што се наоѓа претд портите на НАТО да се оглуви и да не го следи развојот на сопственото опкружување. Значи станува збор за глобални процеси во образовниот систем и потреба од нивна стандардизација, усогласеност односно адаптирање на променетите општествено-економски состојби во земјата и пошироко од страна на образовниот систем.

Не може Република Македонија да се изолира од тие процеси. Потребата од реформи во образованието важи и за нашата земја и тоа еден ден побрзо, не еден ден подоцна, бидејќи веќе се доцни.

Почитувани пратеници, внимателно ја слушав опозицијата, се надевам и вие. Јас констатирав дека сите нивни дискусии се базирани на теоријата на перцепција, впрочем како и се што поминало досега во Парламентот од нивната страна. Колку да се потсетиме нивните дискусии на почетокот започнуваат со кратко елаборирање на претпоставките зошто не може да се реализира одреден проект, за да понатаму продолжат со жесток напад врз работењето на Владата и врз девалвирањето на парламентарното мнозинство заборавајќи дека ова парламентарно мнозинство добило мандат од граѓаните на Република Македонија кои што го слушаат и гледаат Парламентот и сега и во овој момент, а тие како опозиција не добиле доверба кој што факт видливо е дека тешко го поднесуваат, за што сами се виновни, бидејќи вклучувајќи го и сега нивното однесување кон овој проект оваа нивна дебата практично значи намалување на нивниот рејтинг во смисла на неприфаќање на она што значи глобални процеси во кои што треба да се вклучи и Република Македонија.

Јас не можам поинаку да го објаснам ова освен ако се сфати дека всушност опозицијата кога била на власт менаџирала на база на

претпоставки. Одтука јасно е зошто денес во Македонија имаме вакви нерасчистени состојби. Понатаму, некои дискутанти исто така од опозицијата кажаа дека се јавувале загрижени родители околу неможноста да обезбедат финансиски средства за сопствените деца за да понатаму се едуцираат во процесите на задолжителното средно образование. Јас се согласувам со тоа, има такви семејства, но тие семејства почитувани колеги од опозицијата беа загрижени досега како да им обезбедат средства на сопствените деца и за основното образование, како да им обезбедат средства и за лична егзистенција. Заборавате колеги од опозицијата дека социјалните разлики, дека социјалниот јаз и сиромаштијата, невработеноста ја продуциравте токму вие а токму вие бевте и сте декларирални како поддржувачи на социјал-демократската идеологија што е најголема трагедија.

Вие ништо не сте превзеле да се намали загриженоста кај родителите, а сега тука многу лицемерно демонстрирате пред јавноста голема загриженост.

Има многу да се зборува почитувани колеги, но ќе зборувам и во моето зборување ќе завршам со нешто како наместо заклучок.

Прво, не се сомневам во волјата и капацитетот на нашата држава како своја одговорност да го превземе создавањето на модерни средно образовни системи кои сами по себе ќе бидат доволна причина да се мотивираат децата да го продолжат своето образование.

Второ, реформирањето на средно-образовниот систем ќе значи и ќе има за цел продуцирање на поголема креативност на образовнит персонал, техничко доопремување на средните училишта, и

Трето, кредитирање на децата кои потекнуваат од ниските социјални слоеви со цел да се намалат социјалните бариери.

На крај би кажала дека уште еднаш го поддржуваме проектот за задолжително средно образование и во оваа фаза во носењето на измените и доплнувањата на Законот за средно образование и во неговата понатамошна имплементација и во фазата на реализација преку сите човечки ресурси и капацитети комплетно ќе го поддржиме задолжителното средно образование во смисла на обезбедување на што поквалитетно реализирање на истиот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас,

Реплика има господин Герамитчиоски Тале, а по него господин Јани Макрадули.

**Тале Герамитчиоски:** Почитувана колешке најмалку што може да се очекува од еден пратеник кој што работи во сферата на образованието е претходно да се подготви и да ги чита сите оние документи кои што претходно биле изработени и сите оние реформски процеси кои што претходно биле започнати добро да ги проучи, добро да се информира на кој начин започнале да се имплементираат, кои биле позитивни, кои биле негативни аспекти, кои биле резултатите, кои не биле резултатите, за што препорачуваме натаму да се продолжи и впрочем за резултатите и за проектираните реформи од претходната Влада се изјаснуваа релевантни фактори. Прочитајте ги оценките од разни извештаи кои што стигнуваа во тоа време и Советот на Европа и од Европската комисија во Брисел. Впрочем, на делот на образованието ние добивме најдобри позитивни оценки и за добивање на кандидатскиот статус на нашата земја. Проверете го тоа, немојте паушално да зборувате, немојте некои флоскули да исфрлате тука кои што не држат место. Прочитејте, видете па потоа коментирајте.

Најмалку нешто што очекуваме кога ќе дискутирате да дадете ваши предлози, ваши сугестии како да се подобри постоечкиот текст или впрочем да објасните што вас ви смета во постојниот систем на образованието. Ако ви смета опозицијата и тоа што таа го зборува, сакате да кажете дека не можеме да го користиме нашето уставно дадено право да дадеме наши предлози, наши сугестии, па во вашиот говор 95% се занимавате со тоа што вашите колеги пратеници од опзицијата во изминатиот ден кажаа. За еден универзитетски професор на вистина не е својствено. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Контра реплика госпоѓа Мирјана Секуловска, вашата минута, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам,

Јас го избрав моделот на реторика точно оној кој што го применуваат колегите од опозицијата, ништо различен од нивниот модел на реторика и реплицирање и говор.

Јас би ве запрашала колега Герамитчиески веќе кога вие зборувавте дека нема услови за задолжително средно образование, дали вие сметате дека има услови за ЕКТ системот во високото образование затоа што сведоци сме и јас и вие дека она што вие го барате како услови во задолжителното средно образование во принципите и стандардите на Бољонската декларација каде што стои имплементирањето на ЕКТ системот и таму се одреднеи просторни, кадровски и финансиски материјални услови. Ниеден факултет не ги исполнува тие услови до крај, но бидејќи станува збор за процеси кои што не трајат и не може да се реализираат во еден ден, само името кажува процеси, тоа значи дека нешто треба да отпочне и да трае со години и тие услови што ќе се обезбедат секојдневно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Господине Макрадули повелете со вашата реплика.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Навистина се обидувам да најдам разбирање каде ја нашла содржината на оваа дискусија колешката од НСДП и еве да пробаме да речеме дека е зафатена со упадот на НСДП на

Универзитетот во Битола, па целите тие политички притисоци и упади што ги прави не знае што се случува и бидејќи нема аргументација за предлогот на Владата 95% го посвети како се однесувала опозицијата по овој говор и каков бил рејтингот на опозицијата.

Колешке, скокот од 9 на 10 односно 11%-ни поени е раст. Вие паѓате, за жал. Ама се додека не го сфатите тоа, се додека не сфатите тоа дека во оваа Влада сте само сервилни и ви паѓа рејтингот, ќе биде полошо за вас. Оставете ја опозицијата.

**Љубиша Георгиевски:** Држете се сепак за темата.

**Јани Макрадули:** Таа зборуваше за рејтингот, таа зборуваше за рејтингот.

**Љубиша Георгиевски:** Добро,

Како и вашата интервеницијa од вчера, бидете попрецизни.

**Јани Макрадули:** Значи колешката се задржа на рејтингот на опозицијата и таа зборуваше за рејтингот на опозиција и веројатно и јас имам право да зборувам за рејтингот на позицијата на делот на НСДП. За жал мислите дека тоа не е тема, кога побрзо ќе го сватите тоа, тоа ќе биде толку подобро за вас. Додека упаѓате по универзитети, заврши министерот со Тетовскиот, сега упаѓате во Битолскиот. Кога ќе дојдете на "Свети Кирил и Методиј" тогаш можеби ќе се свестат и другите, ама незнам дали ќе биде доцна. Кога тропаа по вратите и кога ги собираа по концетрациони логори на сите мислеа дека ќе им помине тоа, ама тропнаа на нивната врата тогаш се свестија.

Затоа, бранете го законот што ви го предложува вашата Влада во која сте член. Немојте да зборувате каков настап имала опозицијата. Со тој настап што го има рејтигнот почнал да се зголемува, сакале вие тоа да го признаете или не.

За жал ова е навистина од еден универзитетски професор апсолутно непотребна дискусија кога треба да зборуваме за убави теми за образование. Не се занимавајте со рејтингот на опозицијата, не се секирајте за рејтингот на СДСМ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарм,

Молам во репликите во иднина без вакви дискусии.

Госпоѓа Мирјана Секуловска, вашата реплика, вашата една минута.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам почитуван претседателе,

Значи колегата Макрадули не знаејќи како да ми реплицира се обиде да навердува, да ги меша универзитетите, но јас ќе кажам дека во Универзитетот "Свети Климент Охридски" нема најмлади асистенти како што е тој на Универзитетот "Свети Кирил и Методиј".

А во однос на другите негови коментари, мислам дека излишно е да давам јас контра реплика бидејќи нема потреба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има господин Неждет Мустафа. Повелете.

**Неждет Мустафа:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер за образование,

Мене денеска навистина ми претставува огромна можност да можам да проговорам за актуелната состојба на ромското образование, за искуствата во однос на постоечкиот Закон за основно образование и за загарантираноста на образованието на сите деца во Република Македонија. Во оваа можност би сакал да изнесам неколку мои забелешки.

Интензивно ги следев дискусиите по оваа точка и сакам да го изразам моето широко задоволство за широките погледи од позитивна и негативна страна што се може да придонесе овој многу значаен Предлог закон на Владата на Република Македонија за кој што лично сметам дека е подотворен и дека е во интерес на децата во Република Македонија.

Во исто време би сакал да изразам и моето задоволство за конструктиниот настап во однос на објективните статистички ранливи податоци на пратеникот Шабан Салиу и за неговата објективна ситуација како последици за актуелната необразованост на Ромската заедница во Република Македонија. Особено сметам дека термините во однос на сегрегација и дискриминација употребени од пратеникот Салиу сметам дека тоа треба да биде една сериозна, грижлива состојба на сите пратениците во Собранието на Република Македонија, но и на Министерството за образование, оти дефакто состојбата на Ромите е таква каква што е објаснета од таа призма.

Јас почитувани мои колеги патеници, сега би сакал да се задржам на овој предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование во однос на неговата образложеност. Секако дека една од важната поента што ја носи овој Предлог закон е образование на сите, обезбедување на образовна рамноправност, унапредување на културата на живеење, зголемување на социјалната партиципација, зголемување на образовната, културната и економската компетентност на македонското општество. Сметам дека оваа реченица отвара еден ранлив момент во однос на ромската заедница, она што веќе се говори и е во содржината на загарантираното основно образование.

Почитуван заменик министер вие сте во ресорот каде што ромската заедница ја има својата болка, де јуре имаме општа рамноправност како што овде се наведува, рамноправност за образование на сите деца, де факто имаме една состојба на Ромите која што сите мораме да ја признаеме и сега, во овој момент на оваа ваша

констатација би сакал да ви цитирам неколку грижливи моменти што ни доаѓаат во Република Македонија од меѓународните организации, од Европската Унија во однос на ромската заедница. Овој документ е работен од службите на Комисијата, Извештај за напредокот на Република Македонија за 2006 година, и на страна 13 пишува “Состојбата на ромската заедница продолжува да загрижува. Направен е определен напредок во спроведување на 4-рите акциски планови во рамките на декадата за вклучување на Ромите во 2005-2015 година.

Истите даваат основа за развој во образованието, сместувањето, ваботувањето и здравствената заштита, но сеуште имаа ограничено влијание. Основани се посебни фондови во релативните министерства за пддршка на спроведување на акциските планови. Министерството за труд и социјална политика исто така работеше на вработувањето на Ромите преку давање поддршка за основање на семејни бизниси за младите Роми, што е многу важно. Меѓутоа, за конкретен напредок на условите на Ромите ќе бидат потребни одржливи заложби за спроведување на целите од националната стратегија на Ромите. Вели, продолжува дискриминацијата врз Ромите.

Почитуван заменик министер, сметам дека сериозна грижа на ромската заедница на сите нас во односот кога сте на релација еднакви меѓу еднаквите во однос на образованието, можеме ли еднаш да бидеме искрени дека таа шанса, таа можност Ромите ја немале во Република Македонија и дека досегашните влади на Република Македонија покажале многу слаб интерес во однос на реално пружената рака на ромските деца и во подобрување на нивното образование. До колку сметаме дека само декалративно ќе го донесеме овој закон и повторно со убави фрази, со убави текстови ќе се произнесеме пред јавноста дека тоа ќе биде образование на кое што ќе имаат можност сите деца да имаат еднакви услови, сметам дека повторно ќе се доведете во состојба да ги подобрите условите за образование. За жал, мене ми е многу тешко што сега ќе го изнесам тоа, но ќе се подобрат условите за образование на македонските и на албанските деца. Сите статистики ви покажуваат дека најголем процент на необразовани деца од заедниците во Република Македонија припаѓаат на ромската заедница. Досегашните влади не покажаа заинтересираност за подобрување на оваа состојба. Самите сме свесни дека многу меѓународни фондации, гледајќи ја оваа ранлива состојба во Република Македонија сакаат да пружат рака на ромската заедница, Отворено општество СОРОС тоа го докажа преку ромските невладини организации праејќи проекти за подготвителна настава на ромските деца каде што имало обид да се помогне на ромската заедница за да бидат подготвени за редовна настава. Иако од друга страна имам аргументација дека тоа е проблем на општеството да не се едуцираат децата надвор од нормалното образование. На таа релација дури сметам дека многу подобро би било досегашните фондации со помош на ромските невладини организации да инвестирале, тие инвестиции да оделе во училиштата каде што се образуваат ромските деца и директно во училиштата да биле донирани тие средства како би можело да се добие подеднакво образование од наставната програма.

Понатаму, велите во содржината на овој закон, дека Владата на Република Македонија има за цел да го подобри човечкиот капитал, да ја намали невработеноста и сиромаштијата, да го зголеми нивото на социјалната кохезија и да ја елиминира социјалната неправда и дискриминација. Овој текст е за поздравување. Дефакто и ние како Влада имаме став спрема Ромите дека имаме степен на дискриминација и дека како контрапозиција на таа дискриминација ние заземавме еден термин, го нарековме принцип на позитивна дискриминација. Но, каде се почитуван заменик министер, досегашните резултати од тој принцип на позитивна дискриминација? Можеме еднаш реално да кажеме, дали сме отишле да видиме каде живеат Ромите, да ги видиме реалните состојби каде тие живеат. Ние сметаме дека сме сериозни спрема ромската заедница со години што ги оставаме во гета кои се изолирани од цивилизацијата. Имаме случаи каде што имаме згради и каде што живеат граѓани на Република Македонија и имаме еден поглед каде што живее едно гето население кои што се изолирани од нормалната цивилизација во нашето македонско општество. Ние сметаме дека вака со овој закон без подготовка на ромската заедница за ова средно образование ќе можеме да постигнеме реални услови за нивното подобрување во однос на средното образование. Искрено со сето срце го подржувам овој закон. И би бил навистина во една најнепријатна ситуација кога би рекол дека овој закон не нуди една прекрасна визија за младите во Република Македонија. Бидејки сите се согласуваме дека образованието е она што може да ги доведе сите граѓани на Република Македонија до посилни чекори.

Почитуван заменик министер, социјалната состојба на Ромите во кои што живеат со години, нивната изолација не е тоа проблем за ромската заедница. Тоа е проблем на македонското општество. Ние имаме проблем со една таргет група, со една целна група, со една етничка заедница кои што се наоѓаат во таква состојба кои што не можат тие да направат процес на прогрес во однос на образованието токму од тие причини затоа што имаат мизерни социјални примања и егзистенционални услови. Од таму доаѓа мојот скептицизам дека овој текст и овој закон е прекрасна надеж на одредени заедници кои што и понатаму можат да ја подобрат својата образовна ситуација.

Во претходната дискусија на пратеникот Салиу вие имавте статистички податоци во однос на

актуелната состојба на неписменоста на ромската заедница. И тоа е точка број 1 на кое што Министерството за образование треба да презема искрени, дополнителни и практични чекори во однос на тоа како навистина ќе се подобри образованието на ромските деца, а не само декларативно дека ние ќе донесеме закон за образование на сите деца. Мислам дека не внесувате во уште еден филм нас Ромите и ни давате една лажна надеж, бидејќи претходно не не подготвувате за да веруваме дека вие тоа можете да го сторите во однос на подобрување на целокупната образована инфраструктура на ромската заедница. Од тие причини навистина ме ставате во еден голем скептицизам, што практично подготвувате со овој закон? Понатаму велите дека најголем број на учениците кои не го продолжиле своето образование по завршувањето на основното образование од неразвиените ридскопланински населени места од етничките заедници, а особено и од женскиот пол. Ние веќе тука во самата содржина тоа го изразуваме, го спомнуваме дека од етничките заедници дефакто ромската заедница е најзагрозена. Но, не ми давате надеж дека вие тука превидувате посебни мерки во однос на образованието на најранливата етничка заедница, целна заедница, а тоа е ромската заедница. Сметам дека во контекст на овој закон би било добро да се најдат адекватни инструменти како би можело да се помогне дирекно на ромската заедница. Вие најавувате во содржината на овој закон дополнителен наставен кадар од околу стотина наставници. Јас сакам навистина да се уверам дека во бројката од овие стотина наставници ќе имате и наставници од ромската заедница. Сметам дека тоа треба да биде едно мото во однос на изградбата на ова мултиетничко општество. И понатаму да не не гледате како декоративна заедница на која што доволно е да ни дадете 4 до 5 наставници и би можеле декларативно да излезете и да кажете: да, ние тоа го сторивме и за ромската заедница како што впрочем тоа е во секоја Влада. Ќе ставите еден заменик министер, неколку вработувања од ромската заедница во неколку ресори во извршната власт и со тоа ќе се пофалиме пред Меѓународната заедница дека ние правиме успешен интегративен процес дури и на ромската заедница. Мислам дека треба еднаш за секогаш да излеземе од тој декларативен настап во однос на ромската заедница.

Почитувани колеги, следејќи ги дискусиите на моите колеги доаѓам до една констатација, повторно целата ромска заедница да биде грижлива во однос на донесувањето на овој прекрасен закон. Ова е закон со кој што јас повторно сакам да ви потврдам дека можеме да ги решаваме проблемите на децата, можеме да им помогнеме на децата во процесот на образованието. Но, кај мене има простор на страв дека тоа повторно ќе биде онаа бинационална транспарентност и задоволување на потребите на учениците. И ние повторно ќе останеме со оние трошки со кои што треба да бидеме задоволни од одредена трошка ситуација. Ве молам, влезете во ромските населби, влезете и говорете во таа каллива и прашлива ситуација каде што живеат Ромите, видете каде живеат Ромите, земете ја грижата за тие деца кои почесто ги гледаме пред семафорите и почесто ги гледаме пред кантите за ѓубре каде што тие се борат со своите родители за да обезбедат егзистенција. Мислите дека со една социјална помош од 2300 денари и со овој декларативен закон реално ќе можеме да им помогнеме на Ромите да ги образуваат своите деца? Дали сметате дека тие деца кои што се шетаат по улица и кои што бараат едвај егзистенција за својот опстанок дека тие можат да одат во училиштата каде што се образуваат другите заедници, така извалкани и така несоодветно облечени? Од тие причини Ромите не одат на училиште. Не дека Ромите не сакаат да учат, можам веднаш да ви кажам дека ромската заедница е надарена од Господ многу јазици да знае, да се прилагодува во било кои средини и да има интегративна душа. Ние тоа го велиме како космополити, Ромите се космополити кои што можат да живеат со сите заедници. Но, што имаат Ромите од тоа, почитуван заменик министер? Тој проблем мора да го решавате. Ние не можеме да бараме успешно образование од Ромите до колку ние не навлегуваме да ги решаваме нивните субстандардни живеалишта. До колку градоначалниците на локалните самоуправи не се реални во однос на решавањето на нивните проблеми, тогаш ние можеме да говориме и за овој закон и во однос на оној закон кој што гарантира задолжително основно образование. Но, што имаат Ромите од тоа задолжително основно образование, тоа што не можат да купат основни работи на своите деца, ташни, книги, моливи, тетратки. Вие можеби тука не можете тоа да го сватите и да верувате дека навистина едно ромско семејство не е во состојба да обезбедува училишен прибор на своите деца. Вие можеби не можете тоа да го сватите дека родителите сакаат да ги школуваат своите деца. Јас знам икс случаи и примери каде што одлични деца не можат да се образуваат и да го продолжат образованието во средно, и во повисоко образование, само заради економски причини. Јас сум еден од тие. Мојата мајка и мојот татко беа обични работници, татко ми беше амал, мојата мајка беше чистачка. Јас знам како студирав и под кои услови и јас успеав да го завршам факултетот. Но, мораме да се повикуваме на ромската база и таму да бидеме најискрени, сакаме реално да им дадеме шанса на Ромите, да им дадеме реално рака на Ромите дека можат да бидат еднакви меѓу еднаквите, дека можат да постигнат нешто што би можело да биде реален пристап и реална имплементација на овој закон, или ќе се однесуваме така несериозно.

Почитуван заменик министер, сакам да ви предложам неколку предлози во однос на овој многу значаен закон, особено за ромската заедница, бидејќи ние сме најранлива заедница во однос на образовната структура. Не можеме да бидеме еднакви меѓу еднаквите, во целокупниот развој на општеството до колку ние остануваме сеуште изолирани во однос на образованието, надвор од системот на образованието. Сметам дека треба да направите подготвителни можности во однос на раното школство на децата. Значи, број еден, сметам дека овие неколку предлози ќе ги прифатите сериозно и ќе создадете услови за раното школство на децата, значи таму да има државни ресурси во местата каде што живеат Ромите да се создаваат такви услови уште во градинките децата да имаат реален пристап и желба кон образованието.

Понатаму, знаете дека и од возрасните имаме висок процент на необразовани Роми. Сметам дека треба да ја подржите акцијата на претходната Влада која што беше во врска со неформалното образование за описменување. Тоа е нешто што можеме навистина повторно да ја доведеме до едно реално ниво ромската заедница. Потребен е социјален пакет за можноста на образование на ромските деца. До колку вие во овој пакет на закони не нудите на Ромите социјален пакет кој што ќе биде простор со кој што тие можат да им овозможат на своите деца продолжување на образованието. Сметам дека дејуре ќе остане на дефакто состојбата, повторно ќе изродиме поранлива заедница од онаа која што ја имаме во овој момент. Понатаму, претходната Влада исто така храбро се одлучи за ментори во основните училишта.

Почитуван заменик минситер, во однос на одредени национални интереси, сметам дека таму треба да се продолжи стратегијата, особено на ромската заедница треба да се задржи нивото на ментори,на секои три деца во основното, средното и вишото образование, Владата на Република Македонија, не ние да бидеме зависни од одредени фондаци, донации и т.н., туку Владата на Република Македонија да определи средства на секои три деца да има по еден ментор каде што децата ќе ја задржат кондицијата на образованието на децата, не надвор од системот на образованието, она што практично до сега се работело со фондациите, со невладините организации. Децата да бидат образувани внатре во школството и на тој начин би можеле да ја одржиме кондицијата на нашето образование. Понатаму, сметам дека во однос на стратегијата на имплементација на овој закон на местата каде што живеат ромите треба да се направи еден друг пристап, не со оние примери кои што ги истакна и Салиу, да дозволиме и понатаму ромските деца да седат на последна клупа, или ромските деца поради нивниот изглед да бидат изолирани сами по себе. Значи, мораме сериозно да се грижиме тој момент да го елиминираме. Наставниот кадар во училиштето да ги охрабриме и да ги воспитуваме, да го подобрат својот контакт со ромската заедница. Наставниците да им даваат реална шанса и можност на ромските деца особено да им помогнат не во однос на тоа: да, тие се ромски деца и тие можат да седат на последната клупа. Мислам дека тоа е сериозен проблем во образованието. Зошто? Значи, кога велам да се направи посебен пристап, тоа е со аргументација, бидејки тие доаѓаат од ранливи средини. Ранливата средина е токму состојбите во кои што живеат. На ромската заедница ни се префрлува дека нашиот женски кадар нема желба за продолжување на образованието, бидејќи рано се мажат. Таа стереотипност треба да ја елиминираме. Ранливата состојба на Ромите не смееме да ја префрлуваме на нивната мрзливост. Тоа е страшна стереотипност, тоа е еден вид расизам, кога на луѓето кои што не се во можност да направат преродбени чекори и излегуваме со аргументи дека тие се мрзливи и дека тие не сакаат да се образуваат, со некоја негативна конотација. Сметам дека тука особено на нашата женска целна група треба помотивирачки настапи, помотивирачки услови да направиме како би можеле нашите девојчиња да го продолжат своето образование. Треба да ги видиме корените на ваквата мизерна стагнација на образованието на Ромите во Република Македонија. Значи, храбро и успешно да излеземе пред нашите проблеми и храбро и успешно да направиме имплементација на овој закон кој што е пред нас. Јас ни најмалку не очекувам и не сакам после прифаќањето на овој закон да излеземе со критики и со прес конференции дека сме повторно доведени во една таква состојба во која што сме маргинализирани и сме незаинтересирана целна група на Владата на Република Македонија. Дајте навистина искрено еднаш да ги решаваме проблемите на Ромите во однос на образованието. Декларативниот настап на нeромите ќе биде сериозен проблем на вистинската преродба и напредокот на Ромите во ова наше македонско општество кои што нависитна имаме толерирани услови и можности за еден вистински напредок. Кога дејуре ги имаме идеално условите на ромската заедница, зошто дефакто тоа да не го оствариме? Зошто од Ромите да направиме една целна група кои што ќе претставуваат проблем на нашето општество. Јас не мислам дека, македонското општество има цел да ги стави Ромите во една таква изолација и да направи од нив во неромски, ние велиме, гаџовански термин дека тие се паразити во ова општество кои што сакаат да живеат само од социјална помош. Јас навистина сите вас ве уверувам дека во Источна Македонија Ромите имаат сериозни проблеми, бидејќи не можат да се вработуваат. Тоа е случај и во Западна Македонија, повторно ќе го повторам истиот термин на мојата последна дискусија. Ние немаме простор кој да не вработува. Ние се наоѓаме во една страшна тешка состојба.

Со 1500 до 2000 денари ние имаме егзистенција, па затоа ни ги гледате децата во ѓубриштата кои бараат храна, па затоа ни ги гледате децата како на семафори бришат прозори. Сметате ли дека тие си го прават тоа од некоја природна особина? Сметате ли дека тие родители по кантите или улиците бараат заради некое друго задоволство? Не, почитувани колеги, од нивната нужна ситуација и ние сакаме од такви родители и такви средини во кои живеат во мизерни услови да направиме средношколци, квалитетни средношколци, универзитетски професори, лекари и инженери. Сметам дека декларативноста треба да ја елиминираме од нас.

Со задоволство ќе го прифатам овој закон, бидејќи не би сакал да ми се припише дека сме имале можност за едно такво загарантирано средно образование, дека јас не сум имал слух за реалната имплементација на овој закон. Од тие причини, од се срце ќе го поддржам овој закон, но верувајте дека после овој закон неуморно ќе излеземе и ќе се сретнеме со проблемите кои ќе ги нуди овој закно.

На крајот, почитуван претседателе, ја користам можноста да ги поздравам сите Роми. Ова е за прв пат кога Република Македонија, како што реков, ќе се празнува. Ние имаме страшно толерирани услови и можности во македонското општество за разлика од другите држави, каде што Ромите за прв пат официјално 8 април ќе го слават како свој национален ден. Искрени честитки, голема желба за борба за промена на условите во кои живееме, би сакал да го честитам Националниот ден на Ромите 8 април. Се надевам дека гордо и достоинствено ќе го славиме овој ден и овој ден ќе биде како симбол на елиминирање на дискриминацијата на ромите во македонското општество.

Благодарам на вашето трпение.

**Љубиша Георгиевски:** Придружувајќи се на вашите честитки на Ромите, и јас од своја страна ви благодарам.

За реплика се јави господинот заменик министер за обрзование и наука, повелете.

**Јован Лазарев:** Еве, и јас се придружувам кон честитиките за 8 април и благодарам за поддршката што пратеникот ја изрази за овој закон за задолжително средно образование. Само неколку факти ќе набројам за кратко време.

Имено, оваа Влада многу брзо ќе почне со изградбата на средно училиште во населбата и општината Шуто Оризари. Тоа е една од мерките што оваа Влада ја презема во духот на она што почитуваниот пратеник го зборуваше. Исто така следува социјален пакет, а веќе на есен сите ученици од основното и средното образование социјални случаи ќе добијат бесплатни учебници. При доделувањето на стипендиите оваа година, 10 одлични ученици Роми беа надвор од сите квоти и на ним им беа доделени стипендии. Позитивна дискриминација која веќе 15 години се извршува на универзитетите во Република Македонија исто така дава свој придонес и дава шанса на сите националности и сите етнички групи да се едуцираат во високото образование. Вчера реков, денес ќе повторам една мисла дека најдобр среднорочна инвестиција на секое едно општество е образованието.

Почитуваниот пратеник спомна за неформално образование. Ве известувам дека многу брзо во Парламентот ќе дојде законот за образование на возрасни, во кој ќе биде опфатено неформално и формално образование. Статистичките податоци за невработените во Република Македонија покажуваат дека 51,2% од сите невработени се со осмо одделение или незавршено основно училиште, а само 6,8% се со високо образование. Од тие причини, образованието е најдобрата инвестиција во секое општество.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика од три минути за пратеникот Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Прво ја поздравувам добрата фактичка состојба која ја изложи колегата Неждет Мустафа, само би сакал да истакнам уште нешто за да не се создаде една погрешна слика во Собранието односно во јавноста. Во текот на својот говор, обраќајки се токму на заменик министерот и спомнувајќи ја оваа Влада, да не се создаде една ситуација дека главен виновник за состојбата во Република Македонија во поглед на ромската заедница, односно поточно образованието, е токму заменикот министер што е тука присутен и оваа Влада. Мислам дека не треба да заборави мојот колега дека тој беше претходните четири години во коалиција со претходната Влада и многу години токму претставниците од претходната Влада беа на власт и имаа многу можности, колку толку, да ја подредат состојбата во поглед на обрзованието на ромската заедница. Оваа Влада е само неколку месеци, нема ниту една година и веќе праќа сериозни пораки и конкретни сигнали дека оваа Влада на чело со претседателот на Владата Никола Груевски веќе има вистински недекларативен интерес за состојбата на ромската заедница. Тоа го покажува преку одреден процент на вработување во конкретните министерства и јавната администрација. Веќе кажав и повторно ќе кажам, да не се заборави дека на 8 април во 13,00 часот во општина Шуто Оризари ќе се обележи местото каде што ќе се изгради средното училиште. До сега ова не се случило. Ова е најголемиот подарок што Македонија го дала на ромската заедница. Значи, вината треба да се бара во претходната Влада, а и на тој пратеник во претходните четири години.

Во поглед на празникот 8 април јас сега нема да честитам, бидејќи има уште два дена, се надевам дека ќе се јавам за говор, меѓутоа, на колегата сакам да му кажам дека денот кога се гласаше овој закон за празниците мојот колега, иако беше потребен заради Бадинтеровиот модел, не беше присутен на гласањето. Тоа може да се види и од стенограмите.

Од тие причини, сакам да укажам дека не е доволно само фактичка состојба, декларативно да се поддржува нашата заедница, мојата и неговата, туку треба и на лице место преку гласањето, кога тоа се однесува на нашата заедница, да го дадеме својот глас. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Неждет Мустафа, вашата контра реплика од една минута.

Пред тоа, би сакал да кажам дека многу би ценел ако двајцата ромски претставници овде си честитаат 8 април еден со друг. Повелете.

**Неждет Мустафа:** Со задоволство почитуван претседателе.

Одредени емотивни состојби должни сме да ги надминеме во интерес на ромската заедница. Сметам дека е многу лошо да се зазема позиција на полтронско однесување во однос на Владата, ниту од моја ниту од ваша страна господине Салиу ние нема да бидеме полтрони на оваа или онаа Влада. Двајцата имаме обврска да ги изнесеме проблемите на Ромите конструктивно, а не да ги земеме владите како симболи на решавањето на проблемите кои не се реални.

За ваша информација, за време на Коалицијата “За Македонија” се донесе Стратегијата на Ромите. Тој премиер беше храбар и успешно ја презема одговорноста во Република Македонија да биде Декада на Ромите, значи 10 години работа на ромското образование. Но и тогаш и сега јас говорам за проблемите со кои се среќаваат Ромите.

Да завршам, не е точно дека јас не бев тука за време на гласањето и амандманот кој што се прифати, имав разбирање со Владата која го презема амандманот од мене за да стане владин амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега им збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Навистина два дена дебатираме, но дебатираме два дена затоа што пред нас се наоѓа еден многу сериозен проект и како што кажав, проект кој што во најголема мера ги засега буквално сите граѓани на Република Македонија. Мислам дека нема граѓанин во Република Македонија, дали на директен или индиректен начин кој што нема да го допре овој закон и кој нема да сака да искаже став или мислење за овој закон.

Почитувани колеги пратеници, мораме да се согласиме дека нема пратеник во ова Собрание, без разлика дали е од опозицијата или парламентарното мнозинство кој што ќе каже јас не сум за образование или јас сум против образованието. Нема пратеник кој што ќе каже дека на Македонија не и се потребни образовани кадри и дека образованите кадри во голема мера можат да придонесат за развојот на општеството, можат во голема мера да придонесат за оваа наша убава Република Македонија да тргне на патот кон Европската унија, да се приближи и да биде рамноправна со сите земји на Европската унија. Но многу е важно почитувани колеги како ќе пристапиме и како ќе се однесуваме кон таа цел. За жал, парламентарното мнозинство немаше слух и самата работа ја однесе на погрешен колосек. Значи имаме заедничка цел, но за да се дојде до заедничката цел треба да се има дијалог. Единствено кога има разлики во тоа, во начинот како да се дојде до таа цел, тогаш е потребно со дијалот да се усогласат. Очигледно оваа Влада на која во голема мера и е својствен популизмот не сака да ја послуша опозицијата и тогаш кога има конструктивни забелешки и идеи и не сака да има било каков дијалог. Впрочем, и целокупната Меѓународна заедница и забележува на тоа дека во Република Македонија отсуствува дијалог меѓу парламентарното мнозинство и опозицијата, односно меѓу премиерот и лидерот на останатите политички партии, се со една единствена цел колку е можно да ги усоласат ставовите и покажат заедништво. Дека е така почитувани колеги, ние требаше да пристапиме кон уставните измени. Јас само ќе ви прочитам дел од материјалот што тогаш го добивме, каде што вели: “Согласно член 44 став 3 од Уставот на Република Македонија основното образование е задолжително и бесплатно. Од наведената уставна одредба произлегува дека основното образование има задолжителен карактер”. Сега не читам понатаму, но вели оваа одредба, значи истата таа одредба не дава можност за задолжителност на средното образование што е основен тренде на земјите на Западна Европа и тн.

Сега малку би сакала да полемизирам со минситерот, но за жал тој не е тука. Се надевам дека тој ќе ги прочита стенограмите кои ќе му бидат уредно доставени. За жал, бидејќи се правиме набрзина и овој закон оди во една фаза, нема да има можност, дури ако некои нему му се видат конструктивни да ги вгради во измените на Законот, но барем ќе ги прочитам, можеби за да извлече една поука колку е контрадикторен во своето однесување, за да кже во неговото излагање, точно е дека во Уставот на Република Македонија во членот 44 став 3 стои дека основното образование е задолжително и бесплатно, но никаде не стои дека задолжителното средно образование е забрането.

Сега, почитувани колеги, овој член дава или не дава можнст. Навистина, кај мене се наметнува дилема. Дури и Уставот почитувани колеги го толкувате онака како што вам ви одговара. Говориме за една многу сериозна тема, образованието, кое што бараше сериозен пристап. Зошто не се продолжи со дебатата околу измена на Уставот? Јас кажав, со неменување, со недонесување на уствната одредба постои друга опасност. Таа опасност е што ако утре некоја друга влада или можеби истата оваа Влада за година дена ќе сфати дека

нема финансиска можност да го реализира ова што го предвидува дотолку повеќе што не ги предвидела финансиските импликации во самиот закон, дали тоа значи дека така лесно како што го донесовме законот, тогаш ќер се укине законот со 61 глас или помалку од пратениците. Тоа е несериозен пристап и може да се случи вака набрзина кога сакаме нешто на мала врата да помине како закон, се со единствена цел да не се слушнат забелешките на опозицијата и не се овозможи дијалог, туку имајќи ја моќта мнозинството пратеници да изгласате еден ваков закон со една единствгена цел, во насока на популизмот, да кажете дека и вие нешто правите за граѓаните на Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници, на самиот почеток би сакала да кажам дека ЛДП се залага за квалитет во образованието и ќе ја поддржеше секоја идеја доколку таа беше поткрепена со факти и аргументи кои можеа да говорат за квалитетно средно образование. Вака понудениот закон значи само задолжително средно образование. Не е точно дека нема ја прават граѓаните во Република Македонија со уставната одредба и дека со овој закон се даваат поголеми права. Не, почитувани колеги, со овој закон единствено се дава обврска, а обврската е за оние што нема да ја почитуваат таа обврска, односно чии деца нема да го посетуваат средното образование, ќе сносат санкции, и тоа санкции кои мора да признаеме во условите во кои се наоѓа Република Македонија и просечниот граѓанин на Република Македонија не се мали затоа што изнесуваат 1000, па и повеќе евра. Токму заради тоа говоревме дека треба да се има еден многу посериозен пристап кон ова и дека овој закон можеби утре ќе донесе диплома за секој што ќе го заврши средното образование. Почитувани колеги, не е целта секој да има диплома за завршено средно образование, со тоа не правиме попросперитетна држава, со тоа не сме поконкурентни на пазарот како домашен така и на светскиот пазар,важен е квалитетот. Важно е секој да има знаење и квалитет кој го нуди средното образование, а не само диплома. Всушност, имавме и една таква ситуација, сите завршуваа средно образование со високи оценки затоа што тој просек беше единствениот критериум за завршување на факултетите. Па и јас сум предавала во гимназија и знам како на крајот на четвртата година на учениците им се пишуваше оцена, две или повеќ за да можат со тој услов да се запишат на факултетите. Сега кога претходната Влада сакаше да го подигне нивото на критериумите, кога сакаше да воведе државна матура, излегоа педесетина незадоволни ученици и кажаа дека не сме за државна матура и оваа Влада во стилот, во нејзиниот манир на популизмот ја укина и државната матура, односно го помести времето во кое таа треба да се спроведува. Вчера ги слушав изјавите на средношколците и тие искажуваат загриженост за овој закон. Тие не се согласуваат со законот. Што сега ако Унијата на средношколци излезе и каже, откако ние овде ќе го донесеме законот ние не сакаме овој закон да се донесува и да имаме задолжително средно образование. Дали Владата ќе се повлече, дали пак, со тоа што го имате мнозинството, овој пат сега ќе гласате поинаку. Тоа се дилемите. Токму поради тоа баравме сериозен пристап со трибини, јавни расправи, организирани секаде, да ги слушнеме граѓаните, да ги слушнеме оние што се заинтересирани како средношколците така и нивните родители, да ни понудите една сериозна анализа, врз основа на која и ние ќе кажеме дека во Република Македонија е време за воведување на задолжително средно образование.

Дури, во понудениот текст и немате компаративни анализи, многу лесно е да се каже дека се придружуваме кон земјите, развиените земји или европските земји. Кои, почитувани колеги европски земји. Па, ние знаеме дека најголем дел од овие земји и немаа задолжително средно образование. Да, некаде има задолжително образование, десетолетка, но тоа не е задолжително средно образование до 18 години.

Овде беа искажани многу компаративни анализи. Затоа не се залудни дискусиите на опозицијата како некој што сака да им даде тон. За тоа е опозицијата тука да биде коректив на власта, а не како вие што сфаќате дека ние овде дебатираме за да го одземаме вашето време кое што вие можеби сте го потрошиле дека некаде, што би било за вас би било поцеллисходно. Не, дебатираме да ви укажеме затоа што немаме анализи кои што беше должно да ни ги достави Министерството. Земји кои што се многу понапред во развојот на економијата, во развојот на образовниот процес и во развојот на квалитетот на образованието, конкурентноста на пазарот на образованието, како што се Полска, Белгија, па дури и Германија, Франција, Италија немаат задолжително средно образование, сега ние ова го правиме за да се доближиме до земјите кои што имаат задолжително средно образование за да бидеме чекор поблиску до Европа. Не, почитувани колеги, не сме поблиску чекор до Европа, само што ќе донесеме еден декларативен закон. Треба многу работи да се менуваат и пред се да се има волја да се продолжи политиката која што ја водеше претходната Влада на меѓународен план, затоа што нешто што не е добро, да, поправете го постапете поинаку, но нешто што било добро треба да го продолжите затоа што не се работи дали оваа или онаа Влада ќе ги собира плодовите, плодовите ќе ги уживаат сите граѓани на Република Македонија. Овде сме да работиме за тоа, а не да се натпреваруваме кој ќе каже попаметни работи или кој немал време да не слуша, па затоа би било добро ние сосема кратко во две три реченици да го кажеме тоа што го мислиме. Според вас можеби би било најдобро да кажеме ние не се согласуваме со овој закон и тоа би било доволно вие потоа да кажете ги гледате овие од опозицијата, не сакаат да

прифатат ама баш ништо што е добро од оваа Влада и што е во насока за доброто на граѓаните.

Почитувани колеги, реков дека немаме сериозни анализи, а од друга страна кажуваме дека и во самиот закон имаме многу проблеми со образованието во Република Македонија. Без разлика дали се работи на средното или основното образование. Па колеги, проблемите се решаваат кога ќе ги лоцираме каде се, ќе ги направиме анализи и потоа ќе пристапиме. Проблемите во образованието не се решаваат со писмо испратено, кое што се надевам дека денеска, пред велигденските празници ќе се чита во сите основни и средни училишта како честитка од почитуваниот премиер. Да бидам искрена овде цело време говорите и обвинувате за некое минато, но ако ги анализирам потезите на оваа Влада многу ме потсеќаат, па како и дел од пратениците со постреалистички говори така и постреалистички потези и само да припоменам дека почитуваниот претседател се сеќава на 18 септевмри 1972 година беше испратено исто така едно писмо, кое што се писмо се читаше тогаш по сите основни организации.

**Љубиша Георгиевски:** Држете се за дневниот ред, ќе стигнеме до Адам и Ева ако одиме station наназад.

**Роза Топузовска Каревска:** Не е Адам и Ева, тоа е вашиот манир на однесување почитуван претседателе, и секогаш јас ве молам претседателе, еднаш ве замолив, секогаш, без исклучок дали јас, или друг од пратениците кои што ќе се обидат да го споменат премиерот, или недај боже да му најде некоја маана, вие го прекинувате. Кажете дако не треба да го спомeнуваме неговото име, кажете дека не треба тоа и воопшто да правиме алузија на тоа. За тоа сме тука да дебатираме, немојте да бидете толку чувствителни, јас кажав ако сакате некако поинаку да го глорифицираме дајте начини, или можеби внесете во Деловникот одредба како треба во таа насока да постапуваме, или можеби треба само со пофални зборови да зборуваме.

Значи, кажав дека немате целосни анализи, немате согледување на целокупната ситуација, и да ја согледувате не знаете како таа ќе се реши, а дека е така, јас би сакала да говорам само со факти, а тоа е следното. Во образложението на законот, вели: “во моментот по основ на реконструкција, адаптација и опремување, како и дополнителни средства за партиципација за сместување исхрана на учениците во домовите не може да се пресметаат фискалните импликации, поради тоа што не се знае соодносот помеѓу учениците кои би се одредиле и тн., итн, во домовите”.

Почитувани колеги, ако не можат да се пресметаат финансиските импликации, барем да се предвидат ние не велиме да до цифра ги пресметате, тогаш како се втурнувате во ваква авантура. Од друга страна, се повикувате на процесот на децентрализација. Па ние предмалку имавме закон за одложување токму во рамките на децентрализацијата бидејќи општините, локалните самоуправи, не беа во можност да се справат со ситуацијата во ученичките домови. Значи ние не сме во можност да тоа го направиме. Заради тоа одлагавме еден закон, и сега се повикуваме дека законите за децентрализација локалната самоуправа ќе преземела дел од обврските. И сега не би сакала да се повторувам со забелешките кои што беа искажани околу наставните програми, околу опременоста на кадарот, со што апсолутносе сложувам. Навистина, ние во Република Македонија во овој момент немаме доволно кадар за да може ова да се реализира особено дотолку повеќе што на нашиот значи кадар, сеуште им треба едукација, значи за да може да пристапи кон еден поинаков вид на образование. Учениците. Кај учениците не е потребно само да имаат фактографно знаење, треба а се развива креативноста, тоа е поинаков присап од оној што сме го имале до сега. Затоа е потребно едукации на кадарот. Јас не велам дека немаат теоретски знаења. Да ние имаме добри факултети, излегуваат и добар кадар, но нвистина треба да го имаме тоа дека учењето не е завршено еднаш, туку треба постојано да се учи се со една цел да можеме да ги следиме европските трендови, да се приближуваме кон европското образование.

Би сакала уште да се осврнам на еден момент, а тоа лажната надеж која што им ја давате на граѓаните.

Почитувани колеги од оваа програма која што ја имаме овде односно Националната програма за развојот на образованието од 2005 до 2015 година, опозицијата изнесуваше факти само кои што нив им одговара. Сега би сакала и јас малку да се задржам на тоа дека да на граѓаните им давате лажна надеж, дека секој што ќе заврши средно образование, ќе биде вработен, или дека има поголеми можности за вработувањето со средно образование. Се согласувам дека можностите за вработување со средно образование се поголеми. Тоа е точно. Но бројките кажуваат и нешто сосема друго. Најголемиот проблем нас ни е осипувањето почитувани колеги во основното образование. Ние имаме задолжително основно образование. Па погледнете ги табелите колку ученици и покрај тоа што е задолжително основно образование не се запишуваат во средното образование не го завршуваат основното образование. А оние што не се запишуваат разликатра јас кажав, не е 16% како што некои колеги тука сакаа да ни го кажат, или пак како министерот што насочи. Разликата помеѓу оние што завршуваат и оние што се запишуаат е следнава, 28.280 ученици го завршуваат основното образование. Во средно се запишуваат 26.043 ученика од кои во државните средни училишта, а во приватните се запишуват 159. Разликата е 2000, јас не велам дека и овие 2000 не треба да идат опфатени. Да, треба да бидат опфатени, но треба да се најдат други начини со кои што учениците, ќе се натераат да се запишат во средно образование.

Со незавршено основно образование почитувани колеги имаме 170 илјади жители, па нели задолжително е основното образование. Кои се механизмите за да ги натераме овие луѓе овие 170 илјади да го завршат основното училиште. Дури и кај ромската популација. Сега не ги гледам колегите претставници на ромската заедница. Најголем проблем е незавршувањето на задолжителното колеги основно образование. Оние што се запишуваат во средно образование 95% го завршуваат. Значи она кое што не е сега во овој момент задолжително. Говориме за две различни работи. Ако ги погледнеме исто така табелите, ќе дојдеме, и мене точно ме загрижува оваа бројка од 170 илјади која што ја споменав пред малку. Затоа, ако ги погледнеме табелите и од друг аспект сега ќе видиме дека со три годишно образование се 168 а со четири години образование 465 илјади. Значи вкупно 650 илјади граѓани на Република Македонија завршуваат средно образование. А колку од нив се невработени сега ќе ви кажам почитувани колеги, од вкупната бројка на невработени со три годишно средно образование отпаѓа процентот 15%, додека со четири годишно средно образование процентот 34%. Ако ги собереме овие два проценти самите ќе видите колку изнесува тој процент, или јас би ви кажала во бројки 157500. Значи во овој момент во РМ имаме 157500. И ако тргнеме повашата логика дека со задолжителното средно образование и оној процент кој што е помалку од 10% ќе го заврши, тоа не значи дека само тие ќе се вработат кога ќе го завршат. Прво треба да го решиме проблемот и на овие луѓе. Не се решава проблемот само со декларативни закони. Токму поради тоа опозицијата покажува цело време дека приоритет треба да ни бидат законите кои што говорат за подобрување на економијата, треба овде да дебатираме околу тоа. Што имаме од странките инвестиции, само еден број на министри чии што имоти ги плаќаме и оддржуваме. Кога ќе стигнат тие инвестиции. За тоа треба да дебатираме овде. Само така.. .

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, тоа е сепак друга тема и еминентно тема на мнозинството. Држете се за оваа заедничка тема, која е навистина многу важна за граѓаните на Македонија, образованието.

**Роза Топузовска Каревска:** Почитуван претседателе, аплсолутно е во контекст на темата. Најголемата надеж што им ја давате на граѓаните, не е тоа дека ќе имаат задолжително средно образование. Граѓаните страхуваат од тоа. Најголем дел. Како ќе се справат, говорам за просечниот граѓанин. Иако велиме бесплатно. Едно е да биде бесплатно но трошоци околу образованието реално имаме. Имаат граѓаните. Затоа се загрижени. Загрижени се за санкциите. Тоа го говорам. Но надежта вие кои што им ја давате дека сите што ќе завршат средно образование ќе бидат вработени. Тоа е лошо. И тоа е популистичкиот момент кој што се тера во оваа дебата од страна на парламентарното мнозинство. Јас сакам да ве убедам вас дека не е така. И не се плашете од опширни дискусии. Па и во минатиот состав опозиционата партија ВМРО ДПМНЕ со часови не разубедуваше дека не е потребен тетовски унвиерзиет, а ние мислевме дека е потребен ама таа не успеа нас да не разубеди дека не е потребен, ама успеа своите членови од ДПМНЕ да ги убеди дека е потребен универзитет. Сега даваат целосна поддршка на тетовски унвиерзитет што е добро, сега даваат поддршка и на отварање на Институт за културно наследство и духовно на Албанците. Значи долго часовните дискусии вродија со плод. Не врз опозицијата, не врз сегашната опозиција, но врз членовите на ВМРО ДПМНЕ. Гледате дека свеста е нешто што се менува. Затоа велам можеби со овие дебати кои што ние овде ги водиме и вас ќе успееме да ве убедиме во нешто дека не сте во право.

Зошто страхувате од повеќе минутни дебати. Значи сакам да кажам дека не треба да имаме популистички закони декларативни закони, дека треба да се бориме за квалитет во образованието, да не им даваме лажна надеж на граѓаните, бидејќи ЛДП не сака да биде соучесник поготово во популизмот на оваа Влада, и во давањето на лажната надеж на граѓаните, и поради тоа што сметаме дека ваквиот декларативен закон нема да допринесе во ниеден случај да имаме квалитетно образование, реков затоа што задолжително не значи квалитетно, ние нема да дадеме поддршка на овој закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** И јас ви благодарам.

Сега, од ново пријавените, кои ги гледам овде на овој дисплеј, нека направиме прво една дистинкција, кој е за реплика, а кој е за говор. По ред како ќе презивам.

Господин Сулејмани, реплика или говор? (Реплика) Добро.

Господин Рамадани, реплика или говор? (Реплика), добро.

Госпоѓа Андоновска Марија, реплика или говор? (Реплика)

Госпоѓа Кадриу Флора, Реплика? Реплика.

Господин Грозданов Цветко реплика? - Реплика. Добро. Сите ќе ги добиете репликите по овој редослед како што читам, но предност има господинот заменик министер за образование. Реплика или збор? Реплика.

Значи повелете господине заменик министре за образование вашите три минути реплика, повелете.

**Јован Лазарев:** Јас само со една теза овде ќе спорам, тоа е околу јавното приватно партнерство и како што се рече приватизацијата и Унијата на средношколци. Имам чувство дека некој тука ги манипулира тие деца, бидејќи јавното приватно партнерство кое што треба Владата да го реализира не се однесува за тоа дали јавното образование ќе биде бесплатно или не. Тоа останува бесплатно и понатмау и тоа е со

устав загарантирано. Меѓутоа тука се повикуваат инвеститори, да инвестираат во училишта, се со цел да се подобрат условите за кои овде и почитуваните пратеници зборуваат, и понатаму, ќе биде вториот чекор во кој што ние стремиме, а тоа е воведување на едно сменска настава. Дури тогаш ќе може да зборуваме ние за реално, добро, европско образование.

И уште еден податок ќе кажам, дека многу брзо просторни проблеми, проблеми со наставници нема да има, затоа што сега во прво одделение се запишуваат околу 25 илјади ученици, што значи дека наталитетот рапидно опаѓа, и многу брзо можеби неколку години Република Македонија ќе има и училишта, ќе има и наставници, но нема да има доволно деца кои што ќе учат во тие училишта. Таков е случајот во многу држави, во Словенија, и еве тоа е можеби најпоразителниот податок што ви ги кажувам овие два дена.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете со својата контра реплика, вашета минута.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

Навистина секој поаѓа од својата логика на размислување, така и Владата. Кога ќе слушне некој од било која невладин сектор, или пак од било која оранизација, нешто што не им одговара тогаш некој ги манипулира. Ако тоа вие го правевте во минатиот состав, а прочем имаме и конкретно со Гласот на светлината, изработувањата јас говорев со челните луѓе од Гласот на светлината на високи функции, не значи дека и оваа Влада го прави.

А ова последното околу наталитетот што го кажавте, дотолку подобро, од една страна значи имате некоја проекција сте направиле, дека по осум години не знам ќе нема доволен број на ученици, од друга страна правите училишта. За кого се тие училишта? Дали сега треба да се направат училишта за тие понатаму да бидат пренаменети, како што оваа Влада ги пренаменува и другите и законите или можеби тие училишта ќе бидат па и можеби спортски сали во иднина.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Сулејмани, повелете со вашата реплика, вашите три минути, повелете.

**Фадил Сулејмани:** Почитуван претседател на Парламентот, дами и господа, госпоѓа Роза, на почетокот кажавте една убава реченица со полна смисла дека во овој Парламент нема ниту еден пратеник кој што не се соглсува со одлуката на Владата дека нашата земја Македонија има потреба од образованието и за образовани и професионални луѓе.

**Фадил Сулејмани:** Македонија има потреба од образование и од образовани и професионални луѓе.

Меѓутоа, во текот на нејзиниот говор таа докажа дека таа е единствена во овој Парламент која што е против училиштето, против образованието, било да е тоа задолжително или основно, средно или високо образование. Потоа, со нејзиниот речник го потцени овој хуман акт, свет акт, образованието, училиштето, нарекувајќи го тоа авантура, нарекувајќи го тоа популистичка пропаганда, нарекувајќи го тоа како измама, или лажна надеж на граѓаните, а понатаму, таму каде што ја заболе кажа и нешто против Тетовскиот универзитет и дека е против образованието на рамноправен начин на сите граѓани на Република Македонија. Исто така кажа нешто против Албанскиот институт, кој што овозможува да се студира покрај сите културни, душевни, материјални наследства и тоа на Албанците, што е од голем интерес за регионот како богатство на оваа земја и како богатство на целиот свет. Меѓутоа, народот вели дека некој што сака да направи добра работа, тој изнаоѓа начини и го прави тоа. Меѓутоа, другите, како што е госпоѓа Роза наоѓаат причини тоа да го спречат.

Затоа јас апелирам до сите мои колеги пратеници да бараат оваа точка од дневниот ред овој свет хуман закон за образование, за училишта да не обедини сите и да го изгласаме. Не е вистина дека Роза или некој од нејзините пратеници од опозицијата кои што се изјаснуваат со предрасуди, со недоверба, со параноја, за тоа што ќе биде, ќе бидеме оштетени со ова или со она. Државата ги има предвидено сите работи и Владата и квалитетот и просториите за учење и кадрите и бесплатното учење и се друго. Затоа верувам дека ова не е експеримент на Владата некој да се плаши од училиштето, од образованието. Се знае природно дека почетокот е тежок, меѓутоа, ниту една работа не може да се доврши, ако не се отпочне и долгиот пат од неколку илјадници километри почнува, сепак, со првиот чекор. Затоа ќе имаме потешкотии, меѓутоа, сите треба да знаеме дека резултатите и победата ќе биде многу поголема од жртвата која што ќе ја принесе оваа Влада и ние како интелектуалци, доколку успееме да ги образуваме нашите следни нови генерации и училиштето ќе биде најдобрата инвестиција во нашата младина и во градењето на нивната среќна иднина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Сулејмани.

За контра реплика се јави госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете, вашите три минути.

**Роза Топузова-Каревска:** Навистина многу е тешко да се реплицира на недефиниран пратеник според својата определба, меѓутоа, јас ќе се обидам. Не, почитуван колега, јас сум за образование на сите и токму поради тоа гласав за Тетовскиот универзитет и тоа беше една од причините за која ние изгубивме, затоа што тие што седат пред вас сега, исклучувајќи ги од Новата социјалдемократска партија, значи владеачкото мнозинство од ВМРО-ДПМНЕ, тие не убедуваат со недели дека не треба Тетовски универзитет и не треба високо образование. Не реков во ниеден момент дека не сум. Напротив,

јас и тогаш бев и гласав, но успеаа да ги убедат нивните, кои што сега сосема поинаку се однесуваат за разлика од тогаш кога беа опозиција. Велам дека тоа е добро. Не велам дека е лошо. Добро е, што неколку пратеници од тогашната опозиција ги разубедиле своите дека можеби е добро да имаме универзитет. Затоа што тие беа против Тетовскиот универзитет.

**Љубиша Георгиевски:** Молејќи ве да ми простите за оваа забелешка, но во интерес на сериозноста на дискусијата треба да кажеме дека терминот недефиниран пратеник не е препознатлив ниту за Уставот, ниту за Деловникот.

Повелете, господине Агим Рамадани, имате реплика, вашите три минути.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам господине претседател.

Бев принуден да и реплицирам на госпоѓа Топузова-Каревска, затоа што таа изгледа и не знае што е во Парламентот. Јас не знам дали е пратеник на народот, дали да биде премиер како што е господинот Груевски, ова не ми е јасно. Меѓутоа, како и да е, во секој закон на секоја седница се јавува како човек кој ги знае сите работи. Јас ја поздравувам и и честитам ако ги знае сите работи. Јас сум ограничен во моето знаење и знам каде можам да говорам, каде не можам да говорам. Во економијата била силна, во образованието била силна, во науката била силна. Алал да и е. Меѓутоа, законот што го предлага Владата и министерот за образование е закон кој што е реален, а не е популистички. Меѓутоа, доколку беше популистички закон, ние сме претставници на народот. Во овој закон, многу убаво се дефинирани работите од почетокот до крајот. Што значи, дефинирани се можностите за нови инвестиции. Значи, се предвидуваат стотина нови училишта во Република Македонија од нив, во изборната единица 5,6 и 2 се предвидува приближно 17 до 18 нови училишни згради. Не ги пресметувам тие што треба да се обноват. Само во изборната единица каде што сум јас во општина Желино се предвидува да се обноват, односно да се изградат 6 нови училишта во селата Групчин, Нерово, Горно Лешнице, Капаждол,Церово и едно средно училиште таму, затоа што е ветено на електоратот и му припаѓа на тоа население од 20 и неколку илјади жители да имаат средно училиште. Во ова средно училиште кога државата ќе даде обврска задолжително да се следи средното образование, тогаш државата ќе ги преземе и обврските за изготвување на простори, за патување, за ужината и за задолжителното плаќање кое што сега е во средното образование. Тоа нема да постои, тоа ќе биде бесплатно. Тоа го кажа министерот за образование и наука. Јас не знам кому не му е јасна оваа работа, затоа што кога се предвидува еден закон, исто така се предвидуваат и можностите како овој закон да заживее. Значи, се дава рок 2008/2009 година кога треба да се стартува и да се практикува. Доколку некого го заболува тоа што сега се основа и Албанолошки институт за културолошко наследство да ве потсетам госпоѓо дека ова албанско наследство се учи и во Виена и во Сорбона и во Вашингтон и Париз и насекаде, само во Македонија не сме имале институт каде што ќе ги научиме овие вредности. Меѓутоа, тоа е наше ни припаѓа нам и ние тоа ќе го чуваме. Јас благодарам на Владата што многу здраво размислува во оваа насока. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Роза Топузова-Каревска вашата контра реплика една минута повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Сакам да му се заблагодарам на почитуваниот колега за убавите зборови што ги искажа во насока на мојата едукација. Навистина, повеќе теми познавам, а оние што не ги познавам почитуван колега, настојувам преку читање на законите, применувајќи го компаративниот метод со законодавството на соседните земји, поготово земјите од Европската унија да дојдам до некои заклучоци. Да, тоа е резултат на многу часовна работа и токму поради тоа, јас ви говорам со факти. А оној друг дел од репликата, требаше само еден од ваша страна ефтин маркетинг од вашите гласачи, што не е така лошо, каде ќе имаат училишта, кога ќе ги направите. Нормално, овде секој говори да им се обрати на луѓето што го гласале. Не гледам ништо лошо во тоа.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави госпоѓица Марија Андоновска, повелете вашите три минути.

**Марија Андоновска:** Благодарам претседателе.

Јас би сакала сосема накратко да и реплицирам на почитуваната колешка. Вие во делот на вашиот говор се прашувате дали е слушнат гласот на средношколците, дали е слушнато нивното мислење, колку тие се за или колку се против овој закон. Кога претпочитате да говорите со факти, јас би ви напоменала на нешто што можеби ненамерно сте го испуштиле а тоа е дека додека постоеше само иницијатива за овој закон, додека сеуште го немавме добиено овој Предлог закон за задолжително средно образование, пред неколку месеци, не ме држете точно за збор, не би можела во моментот да го кажам и датумот, но беше организирана една ваква дебата од страна на Унијата на средношколците во гимназијата “Орце Николов” каде што најголем број од студентите го прифаќаат овој Предлог закон, т.е.беа за задолжително средно образование. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Сосема на кратко, добро е што во гимназијата “Орце Николов” била организирана дебата, но јас мислам дека ќе беше уште подобро ако законот одеше во една редовна процедура, па до сега можевме да организираме јавна дебата во насока каква што била оваа како што почитуваната колешка ја спомна. Затоа што така ќе го имавме мислењето

на најголем број средношколци насекаде во нашата земја, како на оние од Битола, Прилеп, Велес, Гевгелија, а не само на одредена група, затоа што и тука не можеле да дојдат барем претставници, колку што јас сум информирана од сите градови на Република Македонија. Ќе беше подобро да имаме јавна дебата. Ова го говорам во насока на конструктивноста, а не во насока на опонирање.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Флора Кадриу, вашите три минути, повелете.

**Флора Кадриу:** Благодарам претседателе.

Почитувана колешке го следев вашиот говор со внимание и дозволете да го искажам моето мислење за една моја констатација. Во вашиот говор се истакнува еден субјективен пристап, или пак би рекла, анализа, меѓутоа и една негативна конотација. Кога се работи за донесување на решение од страна на Владата за еден проблем. Тоа претставува едно ваше повторување, меѓутоа, без разлика ние сме се навикнале вашите говори да ги слушаме и да се повторувате, но она што зачудува е дека велите според Уставот на Република Македонија не се забранува средното образование. Кој госпоѓо колешке тука има спомнато дека Уставот го забранува средното образование? Никој тоа го нема воопшто спомнато. Вие велите дека се потребни квалитетни кадри. Всушност, сте контрадикторни со самата себе си. Затоа што тие квалитетни кадри ќе се создадат само преку образование и едукација. Велите дека Владата дава лажни надежи, дека доколку се заврши средното образование веднаш тие кадри ќе бидат вработени.

Почитувана колешке тоа воопшто не држи, туку Владата смета за подигнување на нивото на интелектуалноста на населението, на сите граѓани на Република Македонија,а тоа е во интерес на самата држава. Имаме толку голем број на наставни кадри кои што се без работа и кои што токму со овој закон ќе им се овозможи тие истите да се вработат и истовремено да создаваат и креираат нови кадри кои што ќе бидат соодветни, адекватни и професионални.

Вие велите дека Владата дава лажна надеж дека секој ќе биде вработен, а истовремено вие давате лажна пресметка, затоа што пресметувате колку од самите ученици завршиле основно образование, па разликата од оние што завршиле основно и оние што се запишуваат во средно образование велите дека е 2.000, а не укажавте на фактот дека тоа е пресметка за една година. Доколку ние почнеме да ги собираме година по година тие 2.000, колкав е бројот на оние кои што се со ниско образование, или пак воопшто без образование, или се неписмени. Потоа рековте дека Владата ги залажува граѓаните со декларативен закон. Можеби е подобро со декларативен закон да ги залажува, отколку со демагошки закони дека ќе вработува секогаш од семејството по еден член.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За контра реплика се јави госпоѓа Роза Топузова-Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе.

Навистина, се што ќе каже опозицијата, а не и се допаѓа на Владата секогаш ќе биде дека е со негативна конотација и јас реков најверојатно, ќе треба само да кажуваме пофални зборови за да биде конструктивно. Но, не колешке, тука ние сме да бидеме коректор на Владата. Затоа имаме такво критично мислење и почитувана колешке, не сте ме следеле со внимание. Јас само го цитирав вашиот министер, кој што беше контрадикторен. Од една страна вели дека кога ни беше доставен Уставот дека има уставна пречка, а од друга страна вели дека никаде не стоело дека нешто е забрането, дека е дозволено. Не е така колешке. Не е се што во Уставот не може да стои се што е забрането. Имаше убав пример колегата Кенан Хасипи. И турскиот јазик не е забранет со Уставот, па овде не се зборува. Значи, ве молам, немојте да ги извртувате фактите. Говориме за нешто што вашиот министер не остана доследен на она што го говореше. Беше крајно контрадикторен а околу квалитетот не значи само дипломата, дека тоа значи квалитет.

**Љубиша Георгиевски:** Има реплика господин Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, почитувани колеги, освен првата реченица која што ја изнесе госпоѓа Роза Топузова-Каревска дека нема пратеник кој е против образованието и дека тоа ни е заедничката цел, во се она другото, фрапиран сум од нејзиното тотално непознавање од областа на образованието кое што го изнесе тука пред нас. Дали е тоа и нејзиното лично мислење, или некој партиски став, тоа самата треба да го каже.

Целата дискусија беше заснована само на претпоставки што ако, и можеби, без факти и без аргументи. Таму каде што изнесе факти, фактите беа лажни. Јас пред мене го имам тука извадено од интернет, ќе прочитам само за траење на задолжителното образование. Во Велика Британија од 5 до 16 години, Бугарија од 7 до 16 години, Германија од 6 до 18 години, Холандија од 6 до 18 години. Госпоѓо Роза Топузова-Каревска ќе ви го дадам ако сакате да го прочитате, за да се уверите дека ова што го кажавте не е вистина. Дека само во две држави во Романија од 7 до 14 години, Србија од 7 до 14 и тоа сме ние како Македонци каде задолжителното образование ни е од 6 до 14 години.

Она што сакам понатаму да го изнесам е дека кажавте и одредени критики и тука господине претседателе сметав дека ќе ја прекинете госпоѓа Роза Топузова-Каревска. И од неа барам јавно да се извини на сите просветни работници, затоа што изнесе една невистина и еден неморален факт. Немање на квалификациски

кадар, поточно луѓето кои што работат во просветата не биле доволно квалификувани да ги изведуваат и ова за нив стекнато право да предаваат како професори во средното образование. Од тука барам јавно до сите просветни работници да се извини заради изнесените невистини. Во Македонија имаме добар кадар, во Македонија имаме добри наставници, добри воспитувачи, добри професори. Така да, госпоѓо Каревска, немојте да ги навредувате просветните работници. Немојте ве молам уште еднаш да ги навредувате просветните работници, затоа што тие даваат се од себе да постигнат што е можно поголемо воспитување во образованието, да постигнат што е можно поголем образовен процес како нашите деца , нашите идни генерации би биле она што е иднината на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Госпоѓа Роза Топузова-Каревска повелете со својата реплика.

**Роза Топузова-Каревска:** Почитуван колега навредува е македонски збор. Да почнеме од тука. Јас не ги навредувам, туку јас кажав дека немаме доволно квалификуван, како квантитет, доволно кадри, кои што можат да се справат. Вие очигледно не сте ме следеле со внимателност.

А што се однесува до податоците кои вие ги имате симнато од интернет и тука не сте ме следеле внимателно. Не ги ни познавате системите на тие земји кои што ги цитиравте. Кој рече дека не е до 16 години. Не е исто задолжително образование десетолетка, таму имаме сосема друг принцип, но сега немам во една минута можност да ви го образложам системот. Ако до крај сте ги прочитале податоците, не само како бројки, ќе ви биле јасни. И ќе видите дека за истото говорите. Тоа што го кажав јас, го кажавте и вие, но со различна конотација.

**Љубиша Георгиевски:** Сега го завршивме овој циклус на реплики и контра реплики. Според мене, доста конструктивен. Бидејќи поради една моја пристигната протоколарна обврска околу 13,55 часот треба да ја дадам паузата за ручек,господине Герамитчиоски ќе се вклопите ли во овие 4 минути, или ќе говорите по паузата.

(По паузата)

Благодарам.

Пауза за ручек до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот)

**Иван Анастасовски: (Продолжение)**

Ги молам пратениците да седнат на своите места, продолжуваме со работа.

Има збор господин Тале Герамитчиоски, повете колега.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе, почитуван заменик министер, колеги патеници,

Ако вчера во својата дискусија отворив некои прашања за кои што посочив дека и во политичкиот дијалог опозицијата ги поставуваше, а не добивме и ден денес соодветен одговор, барем за јавноста, не мора за нас, денес ќе се обидам да дадам поинаков придонес да кажам дека опозицијата не е само страна која што постојано само напаѓа, страна која што постојано бара одговори, а истовремено нема никакви идеи, ниту пак сугестии и решенија како да се решат соодветните проблеми. Ќе се обидам и на тој дел да одговорам, ќе се обидам да дадам еден придонес кон Владата и кон овој собраниски дом да посочам на кој начин требаше и сеуште не е доцна, треба да се одговори на прашањата да се продолжи со некои процеси овој процес за доброто на сите нас да не заврши со фијаско.

(Реакција на некои од пратениците во салата)

Ве молам колеги ако може, заради концентрација. Благодарам.

Значи, главниот аргумент на Владата со кој што влезе во овој проект и голем дел на пратениците од позицијата кои што настапија од оваа говорница вчера беше дека со воведување на средно задолжително образование ќе се подобри структурата во делот на невработените граѓани во Република Македонија односно ќе се намали таа бројка со аргументација ако се поглледнат статистичките показатели ќе се види дека кои што имаат завршено средно образование најбрзо наоѓаат работа и се најневработени.

Дозволете, значи од оваа стратегија која што беше нашироко мафтана од оваа собраниска говорница да ви презентирам само од статистиката, од статистичките податоци за 2004 година официјално објавени. Од невработените школска подготовка вкупно 315.900, без образование се 1,17%; незавршено основно образование 5,29%; основно образование 35,64%; 3 годишно средно образование 15,54%; 4 годишно средно образование 34,31%; вишо образование 2,44% и високо образование 5,61%. Гледате дека со основно образование 35,64% и со 4 годишно средно образование 34,31%. Значи, тука некаде е. Тој аргумент не држи. Не е најсоодветно избран тој аргумент дека оние кои што имаат завршено средно образование не се невработени. Процентот е ист.

Понатаму, ако добро се мавташе со бројката од они шеснаесет кома нешто или 17% што треба да бидат опфатени во средното образование бидејќи не биле опфатени и тие кога ќе се опфатат со 100% опфат, тоа би било се во ред. На наредната страна, прочитајте ја состојбата во 2002 година бидејќи тогаш е направен пресек, разбирливо, можеби бројките се малку изменети, годишно отстапување во основното образование 18,67%, значи опфатот во прва година во основно училиште пред поаѓање 83,23%. Значи, ги имате тие 17%, помалку од 17% во основното образование уште на самиот старт, а осипувањето понатаму е исто така без малку 19%.

Зошто сето ова го зборувам? Упорно настојуваме да кажеме каде Република Македонија треба да го стави акцентот на силни интервенции во

образовниот систем за да се подобри оваа структура и упорно не сакате да ме сослушате. Презедовме некои чекори за кои што ќе елаборирам понатаму во каква форма се преземени. Упорно баравме проект, упорно баравме писмена елаборација со конкретни показатели и динамика како Владата мисли да го спроведе овој проект. Упорно наидовме на ѕид на молчење.

Еве ќе ви помогнам што се очекува од тој проект. Ако влегувате сериозно во ваков процес, ве молам колеги ако може малку потивко (им се обраќа на пратениците во првиот ред) да сте подалеку подобро би било, ама навистина ја нарушувате концентрацијата и јас се извинувам.

**Иван Анастасовски:** Продолжете.

**Тале Герамитчиоски:** Значи, кога се прави проектот да ја анализирате реалната состојба со оваа статистичка бројка на невработени според квалификациона структура односно според степен на образование. И оттука од оваа анализа може да се заклучи дека кај нас треба да се стави акцент на два подсистеми, на основното образование кое што впрочем беше и потенцирано во Советот на Европа како слаба точка и ни беше потенцирано дека треба да го ставиме во милиниумските цели на Република Македонија, зголемување на писменоста,

И второ, од оваа структура на невработени очигледно е дека треба да се направи и брза преквалификација која што не може да ја апсорбира постојниот систем на средно образование, напротив треба паралелно да се развие во рамките на стратегијата на формалното образование која што е усвоена од овој собраниски дом и е во рамките на Националната програма да се направи соодветна стратегија и програма за преквалификација и доквалификација на огромна група на возрасни луѓе кои што не успеале да се стекнат со одредено ниво на образование, компетенции и вештини за да одговорат на пазарот. Да парафразирам, лесно е да копирате еден систем на хартија, тешко е да го спроведете во својот реален амбиент бидејќи секоја земја си има свои карактеристики, специфики, нашите штотуки ги прочитав од оваа структура. Ова е наш хендикепт, не зборувам на оваа Влада, или на претходната Влада, или на пред, претходната Влада. Ова се таложело со години и се дошло до ваква неповолна структура - образовна и очигледно е дека треба да се интервенира. Треба да се интервенира, прашање е како, кога, колку.

Понатаму, во таа стратегија која што ја очекувавме сакаме да видиме во рамките на расположивата мрежа на средни училишта како тоа ќе се вклопи. Имено, расположивата мрежа на училишта согласно со процесите на децентрализацијата не е баш најповолна. Пак ќе ви потенцирам, тоа не е проблем само на оваа Влада, или на претходната Влада, јас ви зборувам за наследени процеси кои што во од треба да се поправаат, зошто е неповолна мрежата, постојната мрежа на средни училишта, со постојниот образовен профил, струки и занимања во средното образование, застапеноста на гимназиското образование во однос на урбаните центри и ние заклучивме дека треба да се интервенира преку создавање на регионални центри за да може да се одговори на тој предизвик. И започнато е, но за тоа ќе се осврнам малку подоцна.

Дисперзијата на образовните профили и струки која што постои е неповолна, неповолна е. Треба да се интервенира во тој дел. Имено, ќе ви кажам еден пример, во општина Неготино и општина Кавадарци кои што се на 10 км, имате дуплирање на образовни профили - машинска струка - металорезачи. Апсорпционата моќ на тој регион не може да ги прими таквите образовни профили. Наследно со години се прекопирале од разни локалистички причини истите образовни профили, но секогаш се реагирало на тоа и знаеме дека е слабост и сме го пишале дека е слабост и го посочуваме дека е слабост и се надеваме дека ќе продолжи во тој дел реформата на балансирање на потребите и тоа е целта на децентрализацијата. Општината да одговори дали тоа може или не може да го апсорбира, дали тоа им е потребно или не им е потребно.

Понатаму, кадровскиот потенцијал. Не одговоривте на прашањето што нови наставници, каде, во гимназиска струка, професори по француски, по англиски, машинци, електро инжењери, што, каде, на кои места? Тоа треба да го даде една сериозна анализа пред да се пристапи кон таков проект.

Понатаму, дали во предвид ги имавте стратешките докоменти кои што овој собраниски дом ги усвои. Ќе ги потенцирам, милениумските цели на Република Македонија во кои што силно беше сугерирано од меѓународната заедница со кој што заедно ги создававме и во тие милениумски цели учествуваа без малку 2/3 од министерствата, за финансии, за економија, за труд и социјала, за образование итн. Значи, во тие милениумски цели посочена е како слаба страна основното образование, слабиот опфат, малата пропусна моќ односно проблемите со напуштање на училиштата од страна на ранливите групи.

Втор стратешки документ, Конвенцијата за заштита на правата на детето од Унеско кој што овој собраниски дом ја усвои. Прочитајте ја, ќе видите какви обврски Република Македонија има земено во рамките на европскиот простор и усогласување со нашите активности во тој дел.

Трет стратешки документ Националната програма за развој на образованието 2005/2015 година која што овој собраниски дом ја усвои. Дали на некој му се допаѓа или не имаше можност на шест месечна дебата и на политички партии и на јавности и на институции и на поединци.

Кога побаравме на политичко ниво на дискусии проектот да биде доставен за средно задолжително образование вие почитуван министер ни дадовте од вашето Министерство на 60 страни критика на Националната програма за развој на образованието. Мислам несериозно. Тоа време на критиката кога се создаваше овој програмски документ помина, можеше тогаш тие поединци, институции да интервенираат. Имаше отворен портал на кој што можеше секој да интервенира. Имаше јавни дебати, имаше трибини и на политичко и на стручно ниво. И, ние тогаш рековме овој програмски документ не е Библија, не е нешто совршено, отворено е, ги дава општите насоки каде Република Македонија треба да се движи во наредниот 10 годишен период, да не ни се случат проблематичн и процеси кои што ќе доведат до застој на реформскиот развој на државата.

Конечно дали во тој проект кој што го бараме од вас, сеуште не е доцна, сте воделе сметка за стандардот на населението, за сиромаштијата, за економската моќ на семејството да ги покрие трошоците. Дали сте воделе сметка за финансиската моќ на државата процентуалното издвојување од бруто националниот доход на Република Македонија за образованието. И, дали навистина имате план како 3,5% ќе се зголеми на 6%. Јас верувам дека имате план, дајте да го видиме тој план. Дајте написмено да видиме какви чекори ќе преземете.

Сега како ние гледаме на овие процеси? Не сакам да бидам сфатен погрешно, ве молам внимателно да сослушате кои се нашите идеи и кои беа нашите чекори во кој правец да се зголемува задолжителното образование.

Ако изанализирате, а сте направиле компаративна анализа, велите, во сите европски земји ќе видите дека грото од европските држави главен акцент ставаат на најмладата популација, слегуваат подолу, слегуваат во пред училишната возраст, таму е можност за пеглање на социјално економските разлики од средините каде што доаѓаат децата. Таму државата става акцент со разни социјални пакети на мерки како да ги помогне семејството за да потенцијалните ученици стекнат еднакви можности за еднаков пристап во образовниот систем. Еве ви поле тука и стратешки Владата да направи еден сеопфатен пакет на мерки со кои што ќе ги стимулира родителите во постојниот систем на детски градинки да се зголеми опфатот за да можат да се испеглаат социјалните разлики. Очигледно е дека сега таму не може да се одговори бидејќи родителите не можат во редовно образование да ги подобрат трошоците а камо ли во предучилишно образование. Ајде тука државата нека направи стратегија со пакет социјални мерки како да ги помогне.

Ако пак направите анализа на компаративните, оние кои што ни беа дадени во одредени држави, ќе видите дека доминира моделот на 3+3+3+1 или 6+4 во кој што 10 годишното образование без малку е застапено во другите европски држави за онаа голема групација на ученици кои што треба да стекнат минимални компетенции, знаења и вештини за да одговорат на пазарот на работна сила, оние кои што немаат намера да го продолжат своето школување.

Вие почитуван министер бидејќи кажавте дека сте се школувале во еден таков систем веројатно ви е добро познато за што зборувам бидејќи во Германија е најразвиен тој начин затоа што учениците добро се тестираат во основното образование и се насочуваат. Е, тука ми е поентата. Нашиот систем на основно задолжително образование го имаше основниот дефект што немаше насочувачки и селективен карактер туку само општо образовен или описменувачки карактер. Затоа и го менуваме моделот во зависност од оној оптимален модел кој што треба да се избере. Последните три години од основното задолжително образование мора да бидат селективни и насочувачки за да ги немаме проблемите во средното образование, кои што евидентно ги имаме.

Што се случува со ранливите групи. Најчесто се препознава кај одредени национални гурпации кај кои имате големо осипување на децата од Ромската заедница, до скоро и од албанската заедница, но последните 4-5 години навистина силен скок во тој дел, бидејќи од албанската популација во Република Македонија рапидно расте процентот на населението кое се вклучува во постојниот систем и тоа е наш најголем успех, што сме успеале тоа да го направиме. Особено тоа се однесува на женската популација што во последните години процентуално силно порасна во опфатот на основното задолжително образование и во средното образование, ако сакате да дискутираме.

Која е структурата на постојното средно образование? Постои гимназико и средно стручно образование, трогодишно и четиригодишно.

Кои беа клучни реформски зафати? Во гимназиското образование мораше да се воведе механизам на избор на предмети со кои се воведува блага селективност или насоченост на учениците за високо образование и второ постепено се намалува теоријата која е премногу застапена во наставните планови и програми преку изборност на системот. Кај стручното образование промените беа уште порадикални од 1999 година со одпочнување на ФАРЕ темпус програмата. Таму основната цел е да се намали тероретската наобразба визави практичниот дел на наставата и обуката.

**Иван Анастасовски:** Ве молам почитувани колеги да се сослушаме.

Повелете господине Герамитчиоски.

**Тале Герамитчкоски:** Кој беше главниот реформски чекор?

Морате да направите институцинална форма која ги подржува овие реформи. Тоа беше центарот за стручно образование и центарот за спроведување на матурскиот испит.

Центарот за стручно образование не беше дозавршен, бидејќи толку внимателно треба да биде проектиран, да не се направи грешка, бидејќи не е само задача на Министерството за образование и наука затоа што во сите земји каде што постои епартиска институција помеѓу Министерството за образование и наука, помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, меѓу синдикатите, меѓу стопанските комори. Сите имаат свои ингеренции и надлежности во Законот за средно стручно образование што овој Собраниски дом го усвои. Јас ве подржувам да продолжите во тој правец да ги зајакнете компетенциите и да го воспоставите тој центар. Тој треба да биде срецевината на идните чекори набрзина да ги спроведете во средно задолжително образование, претходно неподготвени.

Тој центар треба да отвори регионални центри. Беше предвидено 7, а потоа се утврди дека треба да има 11 во Република Македонија што треба да ги пеглаат разликите во постојната образовна мрежа на средни училишта и да изгради партнерски однос со локалната самоуправа во делот на преформулирање на образовните кадри и профили или струки кои треба да бидат воспоставени во нова форма, согласно со развоните стратегии на тие општини. Таа институционална форма сега ја немате. Јас знам што ќе одговорите, дека во од ќе се решаваат работотите. Во од  ќе се решаваат работите и 4 генерации ќе отидат во неповрат. Ако немате институција која ќе ги подржи овие процеси од стручен аспект.

Сега само за оние пратеници кои на широко мавтаа со документи, неправилно или нецелосно ги прочитале и кажуваат дека Бирото за развој на образованието итн.

Бирото за развој на образованието со новиот закон имаат потполно други надлежности. Бирото за развој на образованието повеќе нема да биде креатор на струдиски планови и програми, туку ќе биде менаџер и сервисер на тие процеси. Во Законот кој треба да стартува сега за Бирото за развој на образованието, креатор на овие процеси треба да биде овој центар заедно со локаланата самоуправа во повратна спрега. Тоа е суштината на децентрализацијата во средното образование.

Понатаму, како мислите да ги спроведете овие процеси кога основниот механизам со кој оперира секоја сериозна држава, на контрола на квалитетот, матурата, ви е избегана од контрола. Јас знам дека можеби претешко звучи оваа квалификација но мислам дека мојата оценка држи место. Тука ќе запрам за тој дел, бидејќи ќе дискутираме за ова. Ќе ве потсетам дека ги запревте тие процеси, дека подлегнавте под желбата за популизам, подлегнавте под желбата за додворување, подлегнавте под желбата за висок рејтинг, занемаривте реформски зафати кои по дефиниција секогаш се непопуларни, а на долг рок секогаш носат резултати за добото на развојот на државата. Во која насока треба програмски да се интервенира.

Прво треба да се созаде националната рамка  на квалификации која е започната, која ја бара меѓународната заедница, Советот на Европа. Појдете во управниот одбор за образование на Советот на Европа, првото прашање кое ќе ви го поставаат е до каде сте со креирање на национлната рамка на квалификации по која треба да се унифицираат нивоата на степени на образование во Република Македонија, согласно со европската легислатива. И таму има проблеми бидејќи грото европски држави неаат унифициран пристап и за тоа се доцнеше. Значи, одапред одговорам на некој ако му падне на памет да праша зошто вие тоа не го направивте. Затоа што во тек се европските реформи, во кои ние паралелно сме вклучени како земја кандидат за членка.

Усогласување на струките и образовните профили. Ги имаше 300. Во постојниот стар систем имеше такви струки и образовни профили кои ниту во стариот систем, ниту по ново не може да се најде соодветна компетентност за вработување. Затоа се помина на рационализација и се сведоа на 14 струки и 42 образодни профили. Ние тоа го спроведовме. Дајте да видиме во тој правец, многу спроведовме, за жал само на хартија и почнавме да го имплементираме во постојниот систем.

Јас од вчерашниот конкурс не видов дека се направил исчекор во тој поглед, кај стручните училишта. Сега уште фигурираат образовни профили и струки кои никаде нема да ги најдете во Европа. И ние имавме проблеми. Се бунеа училишта, се бунеа наставници, но секогаш одговаравме дека тоа  е во интерес на учениците, бидејќи таа диплома што треба да ја стекнат, треба да биде признаена во секоја европска држава. Таа диплома треба да биде компатибилна со звањата кои ги имаат нивните врсници и во Франција и во Германија.

Што е во делот на реформските процеси во базата? Дали ни покажавте преку соодветна анализа или податоци, или соопштенија, што правите во самото училиште, освен со писмото кое премиерот го испрати, да видам дали вие како Министерство испративте допис да се подготват училиштата за другата година, за одложениот матурски испит, дали се отпочнати проектните активности, дали се дефинирани ментори од страна на наставниците, дали е извршена соодветна обука на наставниот кадар, дали започнува во тој дел за да не се случи 2008 година повторно да не затече истата состојба. Што е со дво и тро годишното средно стручно образование, според ГЕТЕЗИ Програмата, што е со 42 работилници кои ги отворивме во средните стручни училишта. Работеа под потполна пареа, почнаа да творат. Сега вие со еден зафат во постојниот закон забранувате училиштата да имаат сопствен приход или донации од друго место, или меценство како нова форма која сакавме да ја воведеме. Или ве прашувам што ќе

правите со средните стручни училишта со приватните стручни училишта кои постојат. Ако има еднаков пристап, тогаш, ако е средно задолжително образование, како државните ќе ги финансирате, а приватните се финансираат по друг основ и таму се плаќа, се партиципира од страна на ученикот односно родителот. Значи ли тоа дека ќе партиципирате и кај приватните училишта, како држава, бидејќе е еднаков пристапот.

Јас знам дека има голема нервоза, дека не сакате да се сослушаме. Тоа се аргументи за кои, до колку имате објективност во вас, погледнете ги, ќе видите дека не се тенденциозни, поставени се како дилеми и како реални проблеми кои постојат во државата, подолг временски период постојат. Укажуваме дека постојат. Сме решавале проблеми, сме се обидувале да воспоставиме други критериуми, некаде помалку некаде повеќе успешно, но вие мислите дека така како што најпаменто сте осмислиле и дека треба постојано со довикување овде да си го нарушуваме сопствениот интегритет. Немам друг коментар. Упорно и упорно само се дофрлува. Ако не сакаме да се сослушаме кој друг инструмент го имаме во овој Собраниски дом. Да не доаѓаме повеќе тука?

**Иван Анастасовски:** Завршивте?

Има збор министерот за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Јас ќе реплицирам само на две работи.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам овде на екран се појави министерот за образование.

**Јован Лазарев:** Тоа е исто копче, бидејќи една картичка има.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика за заменикот на министерот за образование, господинот Лазарев.

**Јован Лазарев:** За матурата овде беше долго зборувано и мислам нема смисла сега да ги повторуваме дискусиите. Матурата идната година веќе ќе се воведе и ќе се испитува така како што е предвидено со законот.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам.

Бидејќи и двајцата претставници на Владата се тука и министерот и заменикот овде на екранот е регистриран министерот. Во тој случај министерот е тој кој треба да земе збор или реплика, бидејќи е присутен овде.

Во тој случај репликата ќе ја има министерот за образование.

Повелете господине Рушити.

**Сулејман Рушити:** Јас ќе го повторам тоа вчера што го кажав. Имено, мислам дека не вкусно е за истите работи по сто пати да даваме исти изјави.

Што се однесува до матурата неколку пати јавноста е известена и знае зошто матурата ќе се воведе од идната учебна година, а мислам дека и екс заменикот министер за образование треба подобро да знае зошто е тоа така направено.

И за центарот за стручно образование јавноста е информирана. Тоа веќе функционира. Но, зошто не функционираше до скоро, пак сметам дека екс заменикот министер за образование треба да даде одговори зошто не функционираше ВЕТ центарот од времето кога имало одлука на Владата. Значи, зошто ние се доведовме до една состојба да имаме одлука на Влада и после 8 месеци од тој центар ни трага. Мислам дека некои работи на кои ние интезивно работиме да ги ставиме на прав пат, сметам дека не е добро и не е вкусно сега уште еднаш да се навраќаме особено тука во Парламентот па да објаснуваме тоа што вие не сте можеле да го направите, тоа што вие или сте мислеле дека не се многу важни, па сте и оставиле и одлука на Влада без решенија и без директор на ВЕТ центарот и без потребните капацитети и човечки ресурси, па сега ние за вашите гревови да даваме образложенија зошто тоа не е направено. Мислам дека е добро да се насочиме кон конкретниот закон за задолжително средно образование. Ние дадовме и ќе дадеме образложение за сите ваши прашања, конкретно за овој закон, а дополнително кога ќе имаме други закони и за моделто и за сите други работи пак ќе ви даваме образложние и информации за тоа што ние го предлагаме.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеникот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Господине министре со сета почит. Како можете да кажете дека се повторувам кога ни вчера не ме слушавте, ниту денес кога дојдовте. Присуствувавте малку на седницата и излеговте од собраниската сала. Како можете да знаете дека се повторувам. Како можете да знаете дали јас овие објаснувања во моите дискусии ги дадов или не ги дадов. А за Центарот за стручно образование, па ги избркавте од работа грото стручни луѓе што работат таму и воопшто не е можно да се одговори на предизвикот кој е даден во проектирање на таква сериозна институција.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор министерот за образование.

**Сулејман Рушити:** Господине Герамитчиоски, за тоа како можам јас да следам што вие говорите, а да не сум присутен, тоа од вас сум го научил. И вие секогаш не сте присутни тука па следите што се разговара. Тоа како прво.

Второ кажете едно име, кој е избркан од Министерството за образование откако сум јас министер за образование. Само едно кажете. Инаку ако вака продложите само да влевате дезинформации и страв кај граѓаните мислам дека нема за што да разговараме.

Еве сега кажете едно име кој јас или Министерството го избркал од рабора, не од ВЕТ а јас ќе ви кажам дека ние вршиме напори со случајот на Центарот за стручно образование со тие хаотични состојби што вие сте ги оставале, како да ги сведеме во еден оптимум, за тоа

можеме да отвориме една дебата. Но, јас ве молам кажете едно име кое ние сме го избркале од работа од Министерството за образование, Ако не дадете едно име сега, ќе сметам дека вие се занимавате само со дезинформации. А, за тоа дали јас ги следам вашите говори, 100% ги следам вашите говори. Мислам дека ништо ново не кажувате веќе три дена и нема потреба да ги следам уште пет дена истите говори кои вие само ги повторувате.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеник господин Герамитчиоски Тале. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Господине министер, ако сега одиме на навреди, тоа е во ред. Ова е навистина некоректно и немам друг коментар. Ако излезе од собраниска говорница, а не сака одговор на она што го кажа и постави прашања, тоа е прашање на култура, немам друг коментар.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник госпоѓа Цветковска Благородна, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам претседателе, почитуван заменик министер за образование, почитувани колеги пратеници,

Пред нас во овој парламентарен дом, веќе два дена се води дискусија околу Предлог законот за средно образование. Станува збор за еден од најсериозните закони, бидејќи опфаќа популација на млади луѓе, каде ја гледаме нашата иднина.

Доаѓам директно од образование и не можам да премолчам, а да не се вклучм во дискусијата, затоа што јас знам што значи да се работи во образование, што значи да се носи дневник под рака, посебно во средно образование. Ги знам проблемите внатре во образованието, затоа што работниот век таму го поминувам. И, ќе се потрудам да го дадам моето видување околу Предлог законот за средно образование.

Во постојниот Закон член 3 став 1, секој под еднакви услови утврдено со Закон има право на средно образование. Во Предлог законот измена на член 3 став 1, средното образование задолжително за секој граѓанин под еднакви услови утврдени со овој Закон. Сметам дека оваа измена е неуставна, за што правото на средното образование под исти услови, не значи и обврска за задолжително средно образование, туку е право на избор на граѓанинот дали ќе го продолжи своето образование кое државата има уставна обврска да му го обезбеди, доколку тој се произнесе позитивно. Тоа значи дека е потребна промена на Уставот на Република Македонија . Во Предлог законот во ставот 1 да се додаде нов став 2 се вели: Средното образование во јавните средни училишта е безплатно. Јас многу убаво го прочитав Предлог зкаонот, образложението и имам ваква забелешка. Владата нема јасна презентација и образложение на тоа што подразбира под поимот “бесплатно образование”. Дали таа подразбира само ослободување од плаќање на еднократна годишна партиципација на учениците, од која се ослободени ученици социјални случаи , деца од самохрани родители или без родители, деца на бранители и други случаи. Дали за учениците ќе биде обезбеден превоз, сместување, исхрана, бесплатни учебници и повеќекратно зголемување на финансиските средства од наменските дотации за одржување санација и опремување на училиштата, обезбедување на поопремени работилници и кабинети, за подобрување на квлаитет на наставата, средства за обука на наставниците за следење на современите наставни трендови. За што, досегашните наменски дотации, за кои општините не се моќни да ги надополнуваат, училиштата не се во состојба да ги плаќаат тековните комунални давачки и греењето. Во моментот училиштата се принудени истите да ги надополнуваат од приходите од партиципацијата.

Во Предлог законот член 118 став 3, се додаваат два нови става 4 и 5 и се вели: “Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противредност ќе се изрече на родител односно старател на малолетниот ученик, доколку не е запишан во средно училиште или нередовно го посетува училиштето, член 3. Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече на полнолетен ученик кој нередовно го посетува училиштето, член 4”. Прашувам, дали Владата има точни податоци како и во која мера се применува оваа казнена одредба во Закнот за основното образование кое е задолжително. Во образложението на Владата за оценката на состојбата како причини за неопфатеноста на учениците во средните училишта е лошата материјална состојба на семејствата. Па, во оваа насока се поставува прашање до Владата. Како со глоба од 1000 или 800 евра ќе им ја подобри семејната финансиска состојба или како државата ќе ја наплати ваквата глоба ако семејството финансиски не е моќно ни да се прехрани, ни да ги подмири основните комунални давачки. Уште повеќе секој родител искрено сака неговото дете да се школува и да напредува во животот. Но, прашањето не е во задолжително средно образование, туку во ветувањето на Владата дека ќе донесе странски инвестиции кои ќе отворат нови работни места. Како Владата планира да згрижи и да ги вработи завршените средношколци, ако се знае дека најголем процент на невработени во Република Македонија во моментот е со завршено средно образование. Ќе ве потсетам само на еден податок. Во 2002 година 112.594 невработени со основно образование или 35,64% и 157.501 невработен во средното образование или 49,86%. Значи проблемот е во нефункционирање на стопанството, а не во ниското ниво на образованост во државата. Поради ова, Владата ќе мора да го обезбеди одговорот на прашањето на најголем број родители, кои ќе мораат да ги праќаат своите деца задолжително во средно училиште. Дали тие по завршувањето на

средното образование ќе се вработат. Како Владата ќе им го реши ова прашање на нив и кога. Ова повторно води кон заклучок дека проблемот не е во вклучување на сите деца во средното образование, туку во квалитетот на образованието што го нудиме, квалитетот на кадрите кои ги произведуваме и најважно во поврзаноста вистинска, а не само на хартија, со стопанството на училиштата со стопанските субјекти.

Во образложението на Владата за оценката на состојбата, исто така има повеќе контрадикторности и недоречености. Во Предлог законот стои: “Клучната насока на која во иднина ќе се потпираат реформите во образовниот систем е задолжително и бесплатно јавно средно образование како барање за интегрирање во глобалните политики во сферата на образование, што е недоволно точно”.

Ова што Европската Унија го бара, почитувани пратеници, и почитуван господин министер од нас како држава во сферата на образованието е подобрување на квалитетот на образованието со јасно дефинирани стручни компетенции и критериуми за квалитет.Наместо експерименти во средното образование, Владата и Министерството за образование и наука, треба сериозно да се зафатат за успешно спроведување на матурата и завршниот испит во средните училишта, како еден од начините за контрола на квалитетот. Уште повеќе Министерството за образование и наука треба да размислува за начините и постапките за подигање на квалитетот во образованието, воспоставување на стандарди, контрола на квалитетот и изнаоѓање на начини за позитивна мотивација кај граѓаните за продолжување на сопственото образование, не само во средно, туку и понатамошно образование. Само квлаитетни училишта, добро опремени со здрава и безбедна средина на работа, со квалитетен и мотивиран наставен кадар, ќе ги привлечат учениците за нивно поголемо присуство во училницата.

Во анализата ваша даден е податок за образовната структура на населението во Македонија дека од вкупниот број на лица од над 15 годишна возраст, близу половина некаде 49,39% се лица кои не поседуваат или поседуваат ниско ниво на образование, неписмени со незавршено основно образование. Сметам дека овој подато не е веродостоен или е неточен. За што, во понатамошните податоци стои дека околу 18% не завршуваат средно образование. Вемолам, на што личи ова, контрадикторни изјави. Се поставува прашање од каде ви е податокот дека според вашите анализи половина држава е неписмена кога реално знаеме колку уч!еници годишно го завршуваат средното образование. Во вашето образложение наведувате дека Владата на Република Македонија има за цел да го подобри човечкиот капитал, да ја намали невработеноста и сиромаштијата, да го зголеми нивото на социјалната кохезија и да ја стимулира социјалната неправда и дискриминацијата. Се прашуваме како ќе го направи ова кога предвидува приватни основни училишта за богатите, предвидува глоба за сиромашните, кои немајќи средства не можат да ги школуваат своите деца, а при тоа им обезбедува само бесплатно ослободување на и онака минималната партиципација и ако општината е во можност и бесплатен превоз.

Кои се сега придобивките од задолжителното присилно средно образование, ако децата треба да учат во недоволно обезбеднеи училишта, без елементарни услови за живот и работа, без повисок образовен капитал, без мотивација за реално вработување по завршувањето.

Дали Владата и Министерството за образование и наука се спремни да обезбедат и бесплатно сместување во средношколските домови за учениците кои образованието за својата идна професија ја стекнуваат во училишта надвор од местото на живеење, во други општини и градови. Дали се направени пресметки колку финансиски средства треба да се одделат од Државниот буџет за оваа намена, ако воопшто се планира нивно бесплатно сместување или поимот бесплатно е само маркетинг на Владата.

Дали Владата планира и предвидела финансиски средства за бесплатни учебници во средното образование, ако се знае дека се тие премногу скапи, а по многу наставни предмети, особено стручните предмети воопшто нема издадено учебници. И, наместо Министерството за образование и наука да се праша до каде е конкурсот за учебници за втора година во стручното образование, ни воведува недовоно испитани законски измени. Значи, проблемите, особено финансиските се многу поголеми и потребно е поголемо истражување и анализи, затоа што за успешно спроведување на овие законски измени не се потребни само пресметките за плати и за училишните клупи и столчиња. Квалитетно образование, особено бесплатното вреди многу повеќе пари, дури и за економските развиени земји. Во своето образложение Владата планира со своите законски измени и предвидува 100 нови вработувања. Дали ова е вистинската причина за воведување на овој закон, нови партиски вработувања. Зошто веќе сега се слуша дека согласностите за вработување во училиштата стигнуваат по име и презиме и матичен број на оној што се вработува, што е неуставно. Дури и тие 100 нови вработувања се нереални. Ако се знае дека со намалување на наталитетот на населението од година во година во училиштата се јавуваат се повеќе технолошки вишоци меѓу наставниот кадар, а ново запишаните ученици најчесто веќе ќе го пополнуваат или лќе ги пополнуваат постојните паралелки, кои не ретко егзистираат од 16 па до 20 ученици и ден денес има такви паралелки на ниво на цела Македонија, ве уверувам со сигурност, бидејќи знам и имав шанса да работам со такви

паралелки. Знам како се работи и идеално е да се работи со 16 ученици, но како понатаму.

Околу просторните услови дадени во образложението и споредени со Европската Унија споредбата не е така проста како што е наведено.

Имено, дали само квадратурата по ученик е онаа што како стандарди ги поставува Европската унија или во предвид треба да се земат и бројот на учениците по компјутер, опременоста на училиштата со современи наставни средства, помагала, кабинети и работилници и друга материјално-техничка опременост на нашите училишта споредени со оние земји во земјите од Европската унија.

Во оваа насока како Владата, се прашувам, планира да ги подобри материјално-техничките и просторните услови, кабинети, работилници, спортски сали во училиштата и колкава финансиска инвестиција планира?

Според мене, бидејќи работниот век речиси го поминав во образованието, не можам, а да не кажам она што недостига во анализата на овој Предлог закон:

Прво, поширока јавна расправа во ЗЕЛС, општините, училиштата, меѓу родителите и наставниците.

Второ, дали се јасно предвидени ефектите од задолжителното средно образование?

Трето, поконкретни насоки и образложение што подразбира "задолжително средно образование", задолжителна една, две, три или четири години од средното образование?

Четврто, дали ќе претрпи измени постојниот Правилник за изрекување на педагошки мерки за учениците?

Зошто задолжителното средно образование нема да ја дозволува педагошката мерка отстранување на ученикот од училиштето до крајот на учебната година кое може, заштитувајќи една мала категорија на нередовни и проблематични ученици да предизвика негативно влијание на најголемиот дел на примерни ученици во училиштата.

Петто, што со учениците кои два пати ќе повторуваат?

Според постојниот Правилник тие го губат правото на упис во училиштето. Не држи место објаснувањето дека наставниците не смеат да пишуваат негативни оценки. Дури тогаш би се намалил квалитетот во образованието. Ако ученикот знае дека не смее да ја повторува учебната година нема да биде мотивиран за постигање на подобри резултати.

Што значи наместо квалитетно образование ќе добиеме квантитативно полни училишта со послаб квалитет на образование, што е спротивно од барањата на Европската унија.

Постојат уште низа аргументи дека Предлог законот е преуранет и недоволно аргументиран и анализиран.

Затоа предлагам Владата и Министерството за образование и наука да слезат во базата, да слезат во училиштата, да слезат меѓу наставниците, меѓу учениците, кај родителите и стопанските субјекти и со подетална анализа и јавни дебати следејќи ги светските трендови и искуства заеднички да изведат најприменлив модел за подигање на квалитетот на образованието во Република Македонија.

Можеби со промена на Законот за стручно образование и обука кој е ставен во мирување, можеби подобро ќе се реши идеата и целит ена Владата т.е. воведување на задолжително работно или стручно оспособување на оние граѓани кои по завршувањето на основното образование нема да се запишат во средно образование со еден ваков закон ќе се подобри нивото на стручни компетенции на процентот граѓани кои не завршуваат средно училиште на многу поефикасен начин.

Уште повеќе со закон треба да се уреди соработката на училиштата со социјалните партнери, стопанските субјекти, јавни установи за создавање партнерски однос во насока на градење на заедница за доживотно учење.

Јас секогаш како просветен работник сум имала едно мото "знаењето е моќ" ако знаењето е моќ, ние не учиме за училиште, учиме за живот. Тоа е девиза која треба да не прати низ целиот живот.

Учениците од стручните училишта ги подготвуваме за утрешна работа. Учениците веднаш да се вклучат во пазарот на трудот, да имаат златна алка на раката, златен занает.

Ова, почитувани пратеници, почитуван министер, ова не е новина, па веќе ние имаме 4-годишно стручно образование од сите видови профили, 3-годишно, ние им даваме златен занает кога имаат пракса и настава во училиштата. Преку проекти претходната Влада усепа преку УСАИД, преку СЕ проекти, ГТЗ, отворивме 40 реални компании кои заживеаа во сите стручни училишта. Тоа е целта учениците сами да го допрат процесот на производство, да произведуваат за да утре навистина се вклучат во пазарот на трудот, инаку што ќе направиме од нив. Ова не е некоја новина што вие сега ја застапувате.

Мислам дека законот за задолжително средно образование, најреално, како човек што доаѓа од образование, со искуство, што сум носела дневник под рака и што сум била постојано со таа млада популација треба да созрее во време овој Предлог закон што го давате. Дури и ние да созрееме, па тогаш да зборуваме за ваков Предлог закон.

Сега едно прашање до господинот министер. Јас се извинувам не знам што сте вие по професија господине министре, но по се изгледа дека вие и сите оние што го изготвувале овој Предлог закон за средно образование не ја знаете тежината на дневникот, не биле вклучени во процесот на образование, не влегле во училница, не ја знае тежината на оваа професија. Ова ви го кажувам

затоа што директно доаѓам од образованието, имам искуство, какво такво, но големо за мене. Бев и раководител на Институција- средно образование, затоа одговорно тврдат дека не сме подготвени за ваков закон. Ова е политичка одлука, веројатно се преброи и се виде дека нема доволно гласови за уставни измени, па вака е најлесно, на мала врата Предлог закон и ќе решиме се.

Законот не може да биде посилен од Уставот. Сите сме за реформи во образованието. Јас посебно сум за реформи. Но, реформи за средно квалитетно образование, а не задолжително. Бараме квалитет, а квалитетот е најбитен од се. Тогаш ќе имаме знаење, тогаш ќе имаме моќ и тогаш ќе имаме услови да зборуваме понатаму за многу промени.

Македонската јавност добро знае и да не манипулираме со неточни податоци, ќе ги вработиме. Се прашувам каде ќе ги вработиме, кого ќе вработиме и колку ќе вработиме. Добро знаат граѓаните тие ќе ни го дадат одговорот на се ова, а овде има многу просветни работници кои мислам дека треба вака отворено да проговорат, а не да ги замолчуваат други. Срцето што ти кажува и професијата ако си ја сакаш, она што си говорел на часовите и во училницата кажи го овде отворено, а немој некој да те притиска да гласаш на она што не ти дозволува срцето и душата. Немој да работиш, мене никој не може да ме притисне овде да бидам партиски послушник во оваа насока. Јас си кажувам најодговорно, си кажувам дека ова го зборувамод срце и од душа затоа што го сакам овој позив. Позивот професор е многу благородна професија, многу убава професија, бидејќи се работи со млади. Тоа е иднината на оваа наша убава земја Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Не успеав да слушнам кое беше прашањето, мојата професија?

Рековте директно прашање дека не знаете која е мојата професија, мојата професија во моментов е министер за образование и наука на Република Македонија.

Исто така и во мојот претходен живот сум имал една благородна професија како сите други професии што се благородни. Нема благородна и неблагородна професија. Прашањето не успеав да слушнам што беше конкретното прашање. Рековте прашање, а не слушнав кое е прашањето.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Контра реплика за пратеникот Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Да го потсетам министерот, поставив прашање што е вашата професија господине министер, тој одговори дека сите функции се благородни. Јас мислам дека вие во моментот секоја функција е благородна функција, нормално што си ја работиш е благородна, но во моментот вие вршите државна функција, тоа не е ваша професија, тоа е во моментот бланко дадена бланко земена, како јас сега сум пратеник, не сум пратеник еднаш за секогаш, туку сум професор и затоа најубаво е кога ќе ми речат професорке, а не пратеничке. Затоа така прашав.

Дали сте учествувале во некој проект во образованието?

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Државната функција не е благородна, така?

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Бланко дадена, бланко земена тоа е демократија, порано можеби било поубаво за вас е, сега ќе дојде некој режисер на министерско место, тоа е демократија, што да правиме.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со реплика по однос на говорот на колешката, три минути реплика за пратеникот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Професорката изгледа заборави што го праша сефте министерот. Прво го праша колку тежи дневникот, јас ќе и кажам тежи 280 грама. Потоа кажа и колку ученици има во една училница, да ви кажам површински е 38 до 60 м2, а има 42 стола во Западна Македонија, а 13 во Источна Македонија. Тоа е второто прашање.

Третото прашање учителката односно професорката изгледа склерозата почна да работи. Фала.

(Реакција од пратениците).

**Иван Анастасовски:** Јас се извинувам требаше да ве опоменам, меѓутоа, самиот дискутант заврши.

Процедурално за пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, барам веднаш координаторот на пратеничката група на ДПА да се огради од ваквите примитивни коментари и недостојни за овој Парламент.

На пратеникот што сега се обрати не можам и нема да му го спомнам името последните три години дури трае овој мандат.

Барам 15 минути пауза ако има храброст, совест, координаторот на пратеничката група на ДПА да се извини.

**Иван Анастасовски:** Ако добро ве разбрав побаравте 15 минути пауза.

(Паузата е дадена во 16,25 часот)

(По паузата седницата продолжи во 16,53 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Пред да продолжиме со работа, бидејќи паузата беше побарана од пратеничката група на СДСМ поради извинување кое треба да се случи од страна на пратеничката група на ДПА. Јас

мислам дека е најдобро пратеникот кој го изговори тоа да побара збор и тоа извинување да го направи пред се во свое име.

Има збор пратеникот Агим Рамадани.

**Агим Рамадани:** Благодарам.

Од хуман аспект категоријата на професијата лекар не ми дозволува некој од моите зборови да се чувствува навреден, или на било каков начин лошо чувство да се буди кај некого, во најмала мера еден колега од тука да навредам. Така што немав намера никого да навредам. Бидејќи во медицината зборот "склероза" е жаргон и синоним на заборавноста, тоа беше во таа конотација. Доколку и служи на колешката да се извинам дека тоа персонално го сфатила, барам извинување.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Сега по она што е редослед на пријавени, една минута треба да има и контра реплика.

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги и колешки, јас ќе се обидам на еден, барем по мене невообичаен начин да го прокоментирам владиниот Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование т.е. низ призмата дали понудениот предлог на Владата во форма на Предлог-закон прво, е најсоодветен, или има потреба од воспоставување на уставно правна рамка која подоцна ќе се преточи во конкретно законско решение.

Второ, кои се можните импликации на овој закон врз уставно загарантираното право на основно и средно образование на мајчин јазик,санкционирано во член 48 став 4 од Уставот на Република Македонија, како и ефектот на оваа мерка врз јакнењето на образовниот капацитет на припадниците на немнозинските заедници во Република Македонија.

Трето, постоење на кадровски, просторни, материјално технички и финансиски капацитет на државата успешно да го реализира овој реформски проект во образовната сфера. Имајќи ги предвид наведените импликации на законот, морам да истакнам дека прилично ме разочара симплифицираниот пристап на Владата во воведувањето на задолжително средно образование дотолку повеќе што се работи за исклучително осетлива материја каде што, јас би рекол маркетиншкиот приод би можел да има далекусежни негативни последици врз образовната, културната и економската компетентност на македонското општество. Со други зборови, ме зачудува ноншалантноста со која Владата се откажува од предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија доставен до Собранието на Република Македонија на 27.11.2006 година и иницирање на закон по итна постапка со прилично неубедливо образложение за итноста на Предлог-законот. Ова од причини што во Предлог-законот меѓу другото стои, цитирам: "Во функционирањето на уставниот систем на Република Македонија од донесувањето на Уставот од 1991 година до денес уочени се одредени слабости во основите на системот на основното и средното образование што наметна потреба од измени на Уставот на Република Македонја и дека лоцираните недостатоци во системите на основното и средното образование и конкретните активности се базираат врз повеќе анализи на домашни и странски експерти". Компаративните искуства од земјите на Европската унија, како и меѓународните стандарди содржани во релевантните документи со што произлегува заклучокот дека заради интензивно и успешно спроведување на реформите во образованието потребно е, подвлекувам, промена на уставните основи на образованието како дејност од јавен интерес. Во тој контекст започнаа интензивни разговори меѓу пратеничките групи во Собранието на Република Македонија чија цел беше да се постигне што поширок консензус по овој владин предлог. На овие разговори се отвори аргументирана расправа не дали има потреба од задолжително средно образование, туку колку во овој момент Република Македонија е спремна на задоволителен начин да ја реализира оваа реформска идеја на Владата. И наместо Владата и парламентарното мнозинство аргументирано да ја поткрепи потребата од измените на Уставот со што ќе се создадеше уставно правна рамка за задолжително средно образование, Владата се откажува од таа идеја иако претходно во образложението на потребата за измена на Уставот меѓу другото стоеше, цитирам: "Имајќи го предвид значењето на прашањата што се отвараат со измените на Уставот на Република Македонија во рамките на Министерството за образование и наука формирана е работна група која ја утврди потребата за пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија и во таа смисла изготви предлог за пристапување кон измени на Уставот на Република Македонија". Само неколку месеци подоцна Министерството за образование и наука констатира дека не постои уставна пречка ова прашање да се регулира со закон што се гледа и од воведното излагање на министерот кој меѓу другото вели, цитирам: "Точно е дека во Уставот на Република Македонија во член 44 став 3 стои дека основното образование е задолжително и бесплатно". Но, никаде не стои дека средното задолжително образование е забрането. Ако ова го гледаме низ призмата на член 8 став 2 каде стои дека во Република Македонија слободно е се што со Уставот и законот не е забрането, повеќе од јасно е дека горниот став кој предизвикува само задолжително за основното образование, не претставува пречка за воведување на задолжително средно образование. Се плашам дека ваквото толкување на оваа уставна одредба доколку се примени и

во други области би можела да предизвика хаос во внатрешниот правен поредок. На пример, во став 2 на амандманот 5 од Уставот на Република Македонија се вели цитирам “Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните исто така е службен јазик и неговото писмо како што е определено со овој член”. Значи ли тоа почитуван министре, дека и другите јазици можат да бидат службени, бидејќи никаде во Уставот не стои забрана за службена употреба на јазиците што го зборуваат помалку од 20% од граѓаните во Република Македонија. По аналогија може со закон да се воведе и задолжително високо образование, бидејќи никаде во Уставот не стои дека е забрането задолжително високо образование. Со ваков чекор би обезбедиле правни претпоставки да постанеме најобразована нација во светот и да се послужам со примерот на минситерот, да обезбедиме побрз индустриски развој дури и од Тајван. Освен тоа ваквото објаснување на министерот е во спротивност со она што стоеше во образложението на потребата за измена на Уставот на Република Македонија каде меѓу другото се вели, цитирам: “Согласно член 44 став 3 од Уставот на Република Македонија основното образование е задолжително и бесплатно”. Од наведената уставна одредба произлегува дека основното образование има задолжителен карактер, односно секој мора да се здобие со основно образование за што, се разбира води грижа државата и нејзините институции преку задолжителен опфат на децата во основните училишта. Оваа одредба, се вели во образложението не дава можност за задолжителност на средното образование што е основен тренд на земјите во Западна Европа.

Од досега наведеното неминовно се наметнува заклучокот дека е неопходно да постои уставна рамка за задолжително средно образование, за да се разбира правниците ќе речат, се задржи конзистентноста на македонскиот Устав, бидејќи пониското образование се регулира со уставна одредба.

Второ прашање што се наметнува кај овој владин предлог е, дали во овој момент Република Македонија има просторни, кадровски, материјално технички и финансиски капацитети да се справи со ова прашање. Дотолку повеќе што во оскудниот материјал доставен до пратениците не може да се извлече таков заклучок. Јас ќе се обидам да ги идентификувам контрадикторните ставови во текстот на образложението на Предлог-законот. Така во текстот на образложението меѓу другото се вели: Според Државниот завод за статистика на Република Македонија заостанува зад европските земји од аспект на вклучување на децата во средното образование при што се вели дека ниските стапки, се користи термин, ниските стапки за упис во средните училишта, сигнализираат за значајни нееднаквости во урбаните и руралните области, полот, географските региони и етничките групи. Нискиот процент на средношколци се должи како на културните така и на социоекономските причини за да веќе на наредната страница стои дека од 28.321 осмооделенец во учебната 2007-2008 година потребен е дополнителен број од само 2.278 ученика, што е само за околу 12% помалку во однос на вкупниот број осмоодделенци што ќе признаете е далеку од терминот ниски стапки за запишување во средните училишта. Пренесено на терен на паралелки по владините пресметки тоа би биле дополнителни 67 паралелки со околу 100 нови наставници. Меѓутоа, мое мислење е дека ваквата статистика е сувопарна, нереална и најмногу се имплифицира. Состојбите во образованието се многу покомплексни од она што сака да се прикаже. Евидентно е дека постои диспропорција помеѓу желбите на Владата и објективните можности и капацитети на државата. Нели е премногу оптимистичка варијантата имплементацијата да започне во учебната 2008/2009 година, дали воопшто сте сигурни дека Владата нема да дојде во ситуација преку измена на законот да ја одложува имплементацијата на овој закон како што се случува со одложувањето на примената на матурата.

Од информациите со кои јас располагам околу 97% од осмоодделенците од македонско етничко потекло се запишуваат во средните училишта во Република Македонија. Тој процент кај албанската, а посебно кај другите немнозински заедници е понизок. Од тоа неминовно се наметнува заклучокот дека во ваквиот владин предлог најмногу би профитирале немнозинскиe заедници во Република Македонија. Но, дали тоа е така? Одговор ќе се добие откако ќе се направи сериозна анализа на што се должи понискиот процент на упис на припадниците на немнозинските заедници во средните училишта во Република Македоња. Дали тоа се должи на етнокултурните специфичности на овие заедници, социоекономските специфики, ниската образовна култура, или на сплет комплексни фактори комбинирани со хроничниот недостиг на кадри и недоволниот слух на државата за образовните потреби на овие заедници.

Во образложението на Владата освен оскудните показатели за бројот на основци, квадратурата на просторот, бројот на дополнителните паралелки, како и потребниот број нови наставници, нема компаративни показатели за етничката структура на учениците колкава е и каква е структурата на наставниот кадар, каква е нејзината дистрибуција, во кои региони е изразит кадровскиот дефицит и од каков профил, колкав е опфатот на децата во обрзованието на мајчин јазик и колку од нив посетуваат настава на друг јазик и од кои причини, како и да се направи стратегија на континуирана продукција на образовни кадри во услови кога со ваква поставеност на Педагошкиот факултет може да се обезбеди кадар за предучилишна и одделенска, но не и за предметна настава. Не можеме да воведуваме задолжително средно

образование, а паралелно да не ги реформираме институциите во кои што ќе ги продуцираме кадрите за тие потреби. Како да се бајпасира ваквата ситуација? За разлика од албанската заедница која во последните години полека фаќа чекор со потребите на таа популација, кај турската, а уште повеќе кај ромската, српската, влашката и бошњачката заедница ситуацијата е покомплицирана, би рекол и драматична. Во овој момент апроксимативно околу 30% припадници на турската заедница од најразлични причини посетуваат настава во основното образование на друг јазик. Кај други заедници тој процент е уште поголем. Освен тоа во многу средини особено во Источна Македонија настава на турски јазик има од прво до четврвто одделение, а потоа учениците или не го продолжуваат школувањето, или посетуваат настава на друг јазик. На овој начин најдиректно се влијае на нискиот квалитет и неконкурентноста на ваквите деца. Згора на тоа повеќето од децата дури и не се казнуваат иако Законот за основно образование предвидува санкции за ваквите појави. Некои стручњаци дури предвидуваат дека воведувањето на задолжително средно образование во самиот старт ќе го намали бројот на учениците кои посетуваат настава на турски јазик не само поради кадровскиот дефицит, туку и поради психолошкиот ефект, бидејќи самиот факт дека од 12-годишно задолжително образование само четири години е на мајчин јазик, значителниот дел од децата ќе ги наведе во самиот почеток да посетуваат настава на друг јазик. На тој начин долгорочно гледано постои опасност да се направи шемата од билингвално обрзование со ретки оази на образование на друг јазик, како што е регионот на Скопје и Гостивар за турски јазик, Шуто Оризари за Ромите, Чучер Сандево за српскиот јазик и сл. Тоа уште овеќе ќе го продлабочи јазот помеѓу македонската и албанската заедница од една страна и другите малцински заедници од друга страна, а не треба да се биде видовит па да се уочи ваквата опасност.

Какви механизми Владата нуди да се превенира ваквиот можен развој на настаните, како да се прошири таа мрежа, со колку средства и со каква динамика? Ваквите и на нив слични прашања се наметнуваат со сета своја сериозност. За нив во обрзложението на предлогот на Владата, ниту збор. Што доколку ваквите наши стравувања се обистинат? Дали тогаш министерот сегашниот, или некој друг ќе изјави дека Владата за жал не очекувала ваков развој на настаните, или ова како и многу пати до сега ќе се третира како колатерална штета, по онаа народната “Слоновите и кога се сакаат и кога се караат, тревата се гази”. Токму од тоа извираат нашите скепси околу несаканите ефекти на овој владин предлог. Ова дотолку повеќе што проблемите не се само во недостиг и несоодветна профилираност на наставниот кадар, недоволниот квалитет на наставата, туку и во лошите просторни можности, лошата состојба и недоволната опременост на школските објекти, немотивираноста на наставниот кадар поради ниските примања, како и ангажирањето на несоодветен кадар, за да се амортизира кадровскиот дефицит што се разбира оди на штета на квалитетот на наставата. Зошто во образложението на владниот предлог нема одговори на овие прашања. Како да се надминат овие предизвици, колку тие ќе ја коштаат државата, како ќе ги обезбеди тие средства и со каква динамика ќе ги инвестира? Каде ќе бидат приоритетите и колку тоа ќе влијае да се подобри образованието на заедниците и квантитативно и квалитативно.

Значи, не е прашањето дали сме или не за задолжително средно образование, туку дали во овој момент Република Македонија има капацитет и е подготвена ова да го спроведе. Ако кон тоа се додаде и прашањето на превозот и престојот на учениците во училишните домови, проблемот добива на тежина дотолку повеќе што мрежата на средни училишта се протега само во 30 општини, а во Република Македонија има 84 општини, имаме ридско планински региони, а во одредени региони и недостиг на училишни домови како што е случајот со валандовскиот, радовишкиот, струмичкиот регион и слично. Само за превоз на учениците ќе бидат потребни милионски износи на евра. Освен тоа, како и кога ќе се прошири мрежата на ученичките домови, кога барем оваа година нема бгуџетски средства за таа намена. Наставата во две смени дополнително финансиски ќе ја оптовари државаа.

Лично сметам дека кога Владата ќе се соочи со овие проблеми ќе сфати дека е потребно време истите да се надминат и веројатно во таа варијанта ќе се оди на варијантата одложување на имплементацијата на овој закон. Јас лично сум спремен да го поддржам овој закон доколку истиот почне да се применува не во учебната 2008/09 година, туку две години подоцна, за да во меѓувреме се направат сериозни подготовки за успешна имплементација на овој закон.

Би сакал да се осврнам накратко на уште едно прашање кое премногу се експлоатира од оваа парламентарна говорница, а тоа е бесплатноста на основното, па ако сакате и на средното образование. Господа, да не се залажуваме, прашајте било кој родител независно од етничката припадност дали навистина основното образование е бесплатно. Прашањето особено добива на тежина кога државата не ја исполнува обврската за обезбедување учебници на припадниците на турската и останати помали заедници под изговор дека заради нискиот тираж цената на печатењето на учебниците е висока, поради што Министерството не е во состојба да ги обезбеди тие средства, значи она што е Устав загарантирано и обврска на Министерството односно Владата не се исполнува.

Како што гледате, почитувани за некого не само што основното образование не е бесплатно, туку ја немаат и привилегијата да добијат учебници

дури и на сопствен трошок, затоа што државата не може да ги покрие високите цени на печатењето. Според мене, жално е за ова да се лобира кај фондациите, домашни или странски, но тоа е реалноста.

Да не должам, да не се залажуваме дека со задолжително средно образование веднаш ќе потече мед и млеко, дека тоа ќе го зголеми образовниот капацитет на нацијата, дека битно ќе ја намали невработеноста, затоа што во овој момент најголемата стапка на невработеност е кај лица со средна стручна подготовка околу 157 илјади и дека со ова ќе се обезбеди брз економски развој на земјата. Ова може да се обезбеди доколку се разгледаат сите аспекти на овој реформски закон, доколку преку еден подготвителен период се работи на обезбедување просторни, кадровски, техничко технолошки, финансиски, па ако сакате и психолошки претпоставки за успешно имплементирање на оваа според мене благородна идеја. Само на таков начин ќе обезбедиме не само задолжително и квалитетно средно образование преку кое младите луѓе ќе ги добијат потребните знаења и искуства, за да можеме да фатиме чекор со земјите кои благодарејќи на квалитетните образовни проекти и ресурси обезбедиле брз економски развој.

Во меѓувреме господа ќе поработиме поинтензивно во основното образование, зошто тоа ни е сугерирано од Советот на Европа и е инкорпорирано во милениумските цели на Стратегијата. Впрочем, високиот процент на неписменоста или недоволната писменост мора да биде таргетот за да се создаде солидна база за успешно функционирање и успешно заокружување на процесот на задолжително средно образование. Останува обврската да се работи на Националната програма за развој на образованието и во од да се создадат солидни претпоставки не само за проширување на дијапазонот на задолжителното средно образование, туку да се обезбеди повисок квалитет и поголема конкурентност во оваа сфера. Токму во таа насока се нашите укажувања, а не да се опструира нешто што само по себе е прогресивно и во правец на реформирање на образованието како област од посебен општествен интерес. Благодарам за вниманието.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Сега ми е навистина незгодно што од местото на претседавач на седницата ќе мора и да му реплицирам на господинот Хасипи, но прво има реплика министерот за образование и наука, повелете.

**Сулејман Рушити:** Почитуван господине Хасипи,

Ние во Министерството за образование и наука и Владата сериозно сме го сфатиле и проблемот со кадарот особено на наставници по турски јазик и веќе разговараме со постојните педагошки факултети тој проблем да го надминеме. Тоа не е проблем кој е создаден сега, тој проблем бил и порано и сметам дека ќе го надминеме.

Искрено да ви кажам, лично сметав дека барем овој закон, особено од страна на пратениците на етничките заедници од пратениците Турци и од другите заедници ќе биде прифатен. Сами велите дека стапката на децата кои не продолжуваат средно образование е највисока кај турското население, ромското итн., од една страна, и од друга страна го оспорувате законот. Јас мислам дека со донесување на ваков закон ќе решиме еден проблем генерално во државата. Се согласувам дека важно е и основното образование, но не се согласувам со едно. Ако чекаме пет години, што со тие генерации што веќе ќе излезат од основно образование. По таа логика, ако ние треба да се фокусираме само на основното образование, што е со високото образование, со проблемот што вие го изнесовте тука за педагошките факултети, за создавање кадар и на турски јазик. Значи, ние сметаме дека во образованието треба во целата вертикала да се вршат напори за реформи, не можеме да се фокусираме само на основното образование. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рушити.

Контра реплика од една минута за господинот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам потпретседателе.

Прво, господине министре, со постојната структура на педагошките факултети во Република Македонија, нема шанса да се реши кадровскиот дефицит. На педагошките факултети има катедри на предучилишна и одделенска настава. Како мислите еден факултет во кој што има само предшколска и одделенска настава да продуцира кадри за средно образование.

Втора работа, ние се обидовме да го надминеме проблемот преку користењето на високообразовните институции во матичната држава, меѓутоа, не можеш да ги убедиш сите деца да се запишуваат само на вакви факултети. Сепак, тоа е право на избор на средношколците кој факултет ќе го изберат.

Понатаму, во овој момент вие и да обезбедите поширок опфат за припадниците на турската заедница и другите помали заедници, тоа ќе го направите само на друг јазик, бидејќи ние немаме кадри за средо образование.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Хасипи.

Сега на ред за реплика сум јас.

(Потпретседателот Догани излегува на говорница)

Можеби мојата реплика ќе биде во насока на репликата на министерот Рушити, бидејќи двајцата потекнуваме од еден крај каде што има значителен број на припадници на турската етничка заедница, можеби затоа малку ми беше чудно излагањето на господинот Хасипи. Не знам дали господинот Хасипи со тие теми што ги опфати во својот говор сакаше да докаже дека е

говорник и познавач на етнографија и географски региони, не знам дали сакаше како и многу други говорници од опозицијата само да ги повтори истите работи што ги слушаме веќе трети или петти ден, не знам ни јас самиот, уставни пречки, недоволна спремност на државата и Владата да го имплементира овој проект. Но за жал, морам и да констатирам дека во неговиот говор се гледа и мистичност и говор кој можеби е дел на минатото,говор кој многу сме го слушале во минатото, особено во делот каде што господинот Хасипи дава квалификации за етничка придобивка на овој проект, каде што господинот Хасипи мистифицира и прејудицира за тоа дека етничката позадина на некои етнички групи не дозволува тие да бидат во доволен број вклучени во образование, на што морам да реплицирам дека не е така. Ова се делови од мистиката и можеби од болното минато на албанскиот народ во Република Македонија, можеби во далечното минато било така, но сега албанците во Република Македонија не само што имаат голема желба за едукација, не само што имаат голем број ученици, туку тие бараат поголеми капацитети за нивното образование. Воопшто не е точно дека немаат квалитетен кадар или вработуваат несоодветен кадар.

Вие споменавте исто така и реформа на институциите кои се занимаваат со образованието. Вие колега немојте да заборавате заедно со опозицијата дека вие бевте тие што кога се правеа реформи на одредени институции за подобро на тие институции, со денови ни говоревте дека правиме упади, правиме грешки. Тие реформски зафати што ги презедовме го докажаа својот успех и верувам дека и овој проект исто така ќе го докаже својот успех. Благодарам.

(Потпретседателот Догани се враќа на претседавачкото место)

Контра реплика од една минута за господинот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Господине потпретседателе, апсолутно ќе се согласев со вас доколку сликата на Гостивар што вие ја познавата постои и во централна и во источна Македонија. Сепак би ве повикал, кога ќе имате слободно време, да ве прошетам и по ридско-планинските села и да видите дека и во Република Македонија има населени места во кои живеат под феудални услови. Да дозволите дете да пешачи 20 километри во два правци само за да посетува настава на мајчин јазик, ќе видите самите колку е тоа тешко. Овие ситуации не можеме да ги надминеме теоретски само со донесување закони. Мора да се работи на објекти, инфраструктура, едукација, на психолошко поттикнување и тн., затоа е потребна подготовка господине потпртседателе.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Хасипи.

За реплика нема друг пријавен.

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер за образование и наука, колешки и колеги пратеници,

Ќе се обидам и јас да дадам еден поглед на предложениот закон, иако можеби во дел од дискусијата ќе ги потенцирам оние клучни дилеми кои постоеја, односно постојат во пратеничката група на СДСМ и кај некои дискутанти од опозицијата што ги истакнаа.

Министерот во своето излагање кажа една од работите што ќе ја цитирам, а ќе цитирам повеќе работи. Кажа дека “воведувањето на задолжителното средно образование не е само прашање на уставност, тоа е прашање на чувство за државност и визија за иднината на државата”. Тоа е вред доколку не го погледнеме реално амбиентот во кој се води оваа дебата и во кој разговараме. Имено, Владата и парламентарното мнозинство не убедува за образованието како клуч за развојот на Република Македонија. Реков за министерот тоа е третирање и на чувство на државност или пак, како што господинот Ѓорчев кажа, образованието е клуч за модернизирање на Македонија, дека со задолжителното средно образование, цитирам, “ќе бидеме покомпетитивни и како држава, но исто така и нашите млади како поединци” или пак речиси на сите места се бара минимум средно образование и се бара англиски јазик. За жал, амбиентот во кој што дискутираме за образованието и каде што имаме јавно вакво прокламирање овде на говорницата од страна на министерот и од парламентарното мнозинство, паралелно ни се случува Владата со една одлука да деградира околу 40 вработени во Секретаријатот за европски прашања и затоа мислам дека ниту министерот, а за министерот ќе кажам и други примери, ниту парламентрното мнозинство има кредибилитет да зборува што значи образованието како фактор битен за развојот на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Господине Макрадули, ве молам, да говорите за законот, а не за некои постапки наводни ваши на Владата.

**Јани Макрадули:** Не, јас цитирам што е речено од пратениците.

**Бесим Догани:** Во ред, ама не е тема на дневен ред.

**Јани Макрадули:** Апсолутно е тема на дневен ред.

Значи вие не убедувате дека е битно образованието, а во исто време Владата донесува одлука да деградира два докторанти, да деградира 13 магистри, 15 поздипломци, за да најде место на наши пратеници децата да ги удоми таму.

**Бесим Догани:** Господине Макрадули ве молам, за законот зборувајте.

**Јани Макрадули:** Тоа е многу значајно за капцитетот на Владата да го цени образованието, кога самите си ги деградираме луѓето во една институција, самите не го цениме образованието.

Затоа, како да зборуваме за образованието како фактор за развој на државата или за чувство на државност, како што рече и господинот Рушити, или за модернизирање и вреднување на образованието на поединците што ќе рече господинот Ѓорчев, а во исто време ги деградираме, последните две години најдобриот тим во сите институции, НСДП си има свој упад во Универзиетот во Битола, а господинот Рушити го заврши тоа во Тетово. Како ќе зборуваме за квалитетно образование кога не го цениме и она што го имаме. Како ќе зборуваме да најдеме нови кадри кога се обидуваме да ги уништиме и оние што малку ги имаме.

Второ, амбиентот во кој зборуваме или овде дебатираме е пропратен со писмото од премиерот до просветните работници.Ако некој нема доверба во просветните работници, тоа со своето писмо го напави господинот Груевски, кој што им посочува на директорите за потреба да ги, цитирам, санкционира наставниците. Значи да не бараме лево десно, туку главниот министер, односно премиерот Никола Груевски ги повикува директорите на училиштата, цитирам:"за потребата да ги санкционираат наставниците". Или на крајот како што самиот во своето писмо вели:"Ги молиме директорите на основните училишта ова писмо јавно да го прочитаат пред наставничкиот колегиум". Дваесет и први век сме, за каков кредибилитет за образование ќе зборуваме кога амбиентот во кој го носиме е контра сето ова.

За жал, она што веројатно претходеше на целата оваа дебата е периодот кога дебатиравме дали се потребни уставни измени или не. И ние како политичка партија во пакетот за излез јасно кажав, ние се бориме за квалитетно образование, дека полесно ќе се најде работа со повисоко образование, но тоа не може да остане само на хартија и на товар на родителите. Овој проект ќе го поддржиме доколку има реални показатели за истиот.

Она што во минатиот период се работеше, што резултираше со една стратегија или програма за образованието од 2005 до 2015 година апсолутно е комплементарно со сите препораки и цели што постојат како во рамки на Советот на Европа, така и милениумските цели во рамки на Обединетите Нации. Проектот за развојот на образованието или фокусирањето во кој правец треба да оди образованието како дел од проектот со Светската банка беше и работен и воден од заменик министерот за финансии како крупен проект кој што обединува повеќе министерства и не е тоа чин кој што може да го направи, или индивидуален чин што може да го направи само Министерството за образование. Проблемот број еден во кој што се борат сите е проблемот на неписменоста. И затоа акцентот во сите земји се става на основното образование, на квалитетно основно образование, и затоа акцентот се става на поширок опфат на задолжително образование што со деветолетката и ние во претходниот период, а во рамки на Националната програма и го направивме. 3+3+3 моделот е тој модел што во најголема мера може да биде применлив за нашите услови, иако експертската анализа покажа дека 10-годишниот период на задолжително образование можеби е подобар од едукативен аспект, но во услови, ако сакаме реално да ја согледаме ситуацијата во нашата земја, се покажа дека е тоа прескап проект, дека е неприменлив проект во период од две години најмалку, но проект кој што не треба да се отфрли и проект на кој што треба и да се работи. Затоа, кога користиме некои искуства, лошо е само кога ќе ги допреме и ќе ги префрлиме кај нас. Битно е тие да можат да бидат применливи, да може да им објасниме, или да имаме проекција дали е ова возможна, или е невозможна мисија. Целиот акцент и во претходниот период се постави на тие милениумски цели, затоа што бројките кажуваат прво, дека многу повеќе се вложува, нормално заради уставната категорија на основното образование. Околу 60% од Буџетот се троши за основно образование, а само 22% за средно образование, што значи ќе треба да ја добиеме таа квантитативна мерка. Потоа, тезата дека проблемот е во немањето образование. Ако се погледнат статистиките од 2004 година, ќе се види дека невработени со основно образование има 35,64%, а со четиригодишно средно образование 34,31%. Значи, тие проценти се исти.

Проблемот ако сакаме да направиме вистинска анализа е да ја погледнеме старосната структура на овие категории, или на овие проценти. Дали тие бројки се над 50 години, 55 години, па затоа да зборуваме дали е можно тие да бидат вработени во модерната економија, или во овој процес на глобализација и дали можат тие воопшто да се преквалификуваат. Како метода, мислам дека не треба да ја отфрлиме. Или, нема анализа, а податоците говорат дека опфатот во прва година пред поаѓање во основно училиште е 83,23%. Значи, тука ние не можеме да обезбедиме 100% опфат од разни причини, од финансиски и социјални категории. Некаде зборуваше господинот Кенан Хасипи, навистина, да се учи на мајчин јазик во некои средини, училиштата се премногу оддалечени. Ние не одиме на она што со Уставот е загарантирано да го обезбедиме, туку одиме во една неизвесност.

И она што веројатно, требаше да го каже господинот Фијат Цаноски, а гледам тактизира цело време, со Законот за средно образование дефинирани се покрај општинските средни училишта, државните средни училишта, дефинирани се и приватните средни училишта. Сега тука слушаме дека ќе има бесплатни учебници, ќе има социјални пакети, ќе има превоз, ќе има државна организираност. Но, што се случува со приватните училишта. Дали тука ќе имаме дотации од страна на државата, дали за нив ќе има бесплатни учебници. Дали тие по програмата што ќе ја учат ќе имаат обезбедено од страна на државата. Затоа, веројатно,

господинот Фијат Цаноски како човек кој што има приватно средно училиште и приватна високообразовна институција треба да ги постави тие прашања и тие дилеми остануваат да висат.

Она што мене ме загрижува, дека во целата оваа проекција, или целата оваа имплементација, министерот ја базира на казни. Тоа го кажа и во своето излагање на построг мониторинг, на една авантура со казни кои ќе влеземе во фамилиите и ќе решаваме некои социјални проблеми. И писмото на господинот премиер оди во таа насока. Се наметнува една атмосфера дека само со казни можеме да дојдеме до решение. Само со тоталитарни методи можеме да дојдеме до конечната цел. Овие 17% деца што не се опфатени во прво одделение веројатно никој досега во политичкиот амбиент на Република Македонија не му паднало на памет да влезе со казните и да го решава тоа со драконски мерки. Напротив, подигнувањето на свеста кај родителите, обезбедувањето на економски услови е она што треба да го прави државата.

Мислам дека со целата реторика што тука се води дека ова било причина за немањето на економскиот раст е едно алиби што Владата и парламентарното мнозинство го прави во услови кога реални економски показатели нема. Тоа го покажа и анкетата, рејтингот на премиерот е висок, рејтингот на Владата е одличен, но резултатите во оние сегменти за кои што се доби довербата на 5 јули, она што беше надежта кај граѓаните во овој момент, сеуште ја нема. И несреќниот пример господине министре, што го дадовте со Тајван, немојте да не потсетувате, да не ја кажеме познатата реченица, се е исто, само него го нема. Тајван е лошо искуство за Република Македонија и било кој пример што ќе го дадете асоцира на еден човек. Господинот Петковски не може да личи на Циле, Љубчо тука ви е. Дајте друг пример. Мислам дека има и поквалитетни држави кои што можете да ги употребите за процесите што се направени во рамките на образованието. Мене што ми е најголема една од најголемите познаници е тоа што тој е процесот на децентрализација, вие дадовте една похрабра изјава, тоа веројатно по разговорите кои што ги имавте со Меѓународната заедница, рефериравте за тоа. Имено, на 23 март вие се обидовте да ја пролонгирате втората фаза од децентрализацијата, за да почне од 1 јануари, да ја врзите со фискалната, а не со учебната година, но ме радува што веќе тоа е реферирано. Меѓутоа, во целиот овој проект, она што фали е потребата и вистинската анализа на теренот какви специјалности, стручни квалификации им требаат на одредени општини. Пред малку беше кажано, неколку пати е даден тој пример, 30-тина општини имаат средннообразовни институции, 84 општини немаат. Им фалат доста општини установи каде што се одржува средно образование, каде што се предава. Многу е тешко тоа да се реши во рамки на една година.

Од друга страна, сите овие ад хок потези што се прават, врз база на импресии, врз база на подигнување на високи стандарди, кои што не можат да се имплементираат, за жал, резултираа донатори и го ставаат под прашање финансирањето на неколку проекти. На 13 февруари Холандската Влада преку своите претставници овде, изразија незадоволство од образованието. Сметаат дека Владата го кочи проектот на модернизацијата на образованието и под знак на прашалник е ветената донација од 6,5 милиони евра за инфраструктурно подобрување на училиштата.

Мислам дека прелесно отвораме некои теми за кои што немаме опстојна анализа. Вие го имавте во Министерството Законот за високо образование, сега тој е на дебата во Универзитетот. Обврзани сме да побрзаме со тој закон, за да достигнеме до 2010 година сите обврски што ги имаме, односно Болоњскиот процес, но како и во многу други министерства ги мешаме приоритетите.

Кога зборувам за процесот на децентрализацијата, или процесот на анализата што според мене, фали, тоа е пред десетина дена зборувавме за рамномерен регионален развој, но се плашам дека овој концепт е спротивен на концептот што го протежираше Министерството за локална самоуправа. Се плашам дека ќе се зајакне миграцијата не село град, туку село, помал град, па град. Ќе бидат принудени ако мораат да одат во задолжително средно образование, тоа да го направат во соседната општина, како поголема. Тоа ќе биде мека за нив, мамка за нив, да останат таму и само ќе ја поттикнеме миграцијата село град за која што со Законот за рамномерен регионален развој се боревме. Реков немањето вистинска анализа за профилите што ни требаат, слично како со Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип. Во овој момент во Штип, сега со овие НБИ, асистентите што се јавуваат, 130 правници има невработени, 100-тина економисти, но повторно одиме на варијанта, на Правен факултет, Економски факултет, за она како што се вели во Штип, нема невработена жена во текстилната индустрија и се повеќе и повеќе се бара работна сила. Фалат пострučни кадри во таа област. Не одиме на таква варијанта да обезбедиме професионалци од таа струка од кои што градот живее.

Господине министре, мислам дека вашата позиција во ДПА е малку појака од оваа на министерот за култура, се гледа, бидејќи ги преживеавте стресовите и со упадот и со активностите во Универзитетот, иако тие 500-тини дипломи што ги носевте во ташната, никој не ги виде, но одговорноста ќе биде ваша. Значи по 5-6 месеци, ако дојдеме тука со закон кој што треба да го пролонгираме рокот за почетокот на учебната година, одговорноста ќе биде ваша, но, гледам дека позициите ваши кај господинот Тачи се малку подобри отколку на министерот за култура, па ќе го преживеете и тоа.

Она што треба реално да го погледнеме е материјалот што Министерството за образование и наука во февруари 2007 година го подготви во прилог на работните групи и дебатата што господинот Груевски ја организира. Во тој материјал, јас ќе цитирам некои работи од кај нив. Штета што домашното воспитание не е вклучено за дел од пратениците од парламентарното мнозинство, но тоа е друг проблем. Среќа, модерните комуникации одат во таков правец, само не стигнале до сите пратеници дека не мора гласно да зборуваат за да ги чујат на друго место. Тие мислам дека треба да викаат, за да се чујат, иако мобилната технологија напреднала толку многу што ќе бидат чуени со оваа техника и оваа технологија што ја има достигнато до 2007 година.

Значи, прво во работниот материјал што ни е понуден од Министерството за образование и наука февруари 2007 годиан пишува дека Владата, имајќи го предвид колку е битно образованието, па затоа истера два доктори на науки, деградира 15 магистри, за да можат децата на пратениците овде што се дел, да влезат таму и да станат нешто. Пристапи кон поднесување на иницијатива за уставните измени, кои се однесуваат на редефинирање на уставната позиција на образованието. Ако сакате ќе ви ги кажам. Можеби и не ги знаете. Четврт ред, 11 ред. Тука ние изгубивме време да се договориме дека врз база на анализата на тимот од Министерството за образование и наука дека треба уставни измени, дебатиравме во работни групи, иако таа расправа воопшто не дојде овде во Собранието. Сега одам понатаму. Министерството за 2007 година идентификува два типа на проблеми за реализација на задолжително средно образование. Субјективни, каде што, се вели дека владите воопшто воделе политика за управување и развој на човечките ресурси, досегашните влади. Значи, вие од кога ги деградиравте во секторот, покажавте како се работи со човечки ресурси. Во ред. И објективни препреки се резултат на запоставување на образованието во досегашниот период. Потоа велите, кога зборуваме за задолжително средно образование, тоа подразбира дека секој ученик што се запишал во основно, да продолжи да се школува и во средно, со сите фискални оптоварувања кои ги носи овој процес. Едно од барањата ние што велиме да го дебатираме, се фискалните оптоварувања, кои што овој проект ќе ги донесе. Потоа, преку водење на транспарентна политика заснована на стручни мислења на инвестирање во санации и реконструкции на постојните, изградба на нови објекти. Со Евронационал видовме како тоа одлично транспарентно функционира. Или самата анализа вели дека нема доволно ефикасни механизми, за да има контролни механизми за контрола на проодноста. А самите го одложивте процесот на државна матура, зборувам, како контролен механизам, кој што е клуч зона за она што е како образование стекнато во средното образование.

Сега, цитирам: “Продлабочената анализа, треба да ни покаже колку средства ќе бидат потребни, за воведување на задолжителното средно образование, но исто така, ќе се добијат и конкретни податоци за тоа: дали Македонија ќе обезбеди доволно наставен кадар за почетокот на првата година на примена на задолжителното средно образование, колку се ефикасни постојните контролни механизми, кои видови на кадар се дефицитарни, а со тоа и високообразовните институции ќе бидат во можност правилно да ја креираат својата понуда на студиски програми”.

Тоа го правите без општините и зборував за финансиските импликации. Потоа велите во самата анализа резултатите до кои ќе се дојде низ истражувањето ќе бидат јавно презентирани со што јавноста во Македонија ќе може конкретно да се запознае со придобивките и ние инсистираме на ова.

Значи да ве потсетам. Во пакетот за излез Социјал демократскиот сојуз рече: ние го поддржуваме проектот да почне од 2008 до 2009 година кога ќе ги видиме резултатите од истражувањето што во февруари 2007 Владата ги вика дека ќе ги направи. Но, за жал, сме доведени овде да дебатираме и со неколку дигресии да го девалвираме овде Собранието како што сабајле пратеничката од Новата социјал демократска партија се обиде да ме навреди мене.

Бидејќи нема аргументи за кои што можеме да зборуваме, фалат конкретните податоци, фалаат од ЗЕЛС податоците каков стручен капацитет им треба. И, на крај, велите: како Министерство целосно сме свесни дека воведувањето на задолжителното средно образование ќе значи дополнителни средства од Буџетот наменети за образованието. Колку?

Споменувате социјални пакети, бесплатни учебници. Споменувате што ќе се случи со приватното средно училиште. Тие податоци и ние сакаме да ги видиме за да можеме да направиме и тука да гласаме некако, не во Секторот за европски интеграции пратеници тука да си ги обезбедуваат местата на децата. И, велите воведувањето на задолжителното средно образование нема да може да се изврши од во една година. Значи, самите дојдовте со овој материјал на работна група. Самите изразувате резерва, давате објективни и субјективни пречки на сето ова кои што се реални на теренот. Тешко некои работи ќе се достигнат. Очекувањата се големи. Се отвараат многу полиња, многу фронтови, но се немаат конкретни одговори. И затоа да не ја правиме тезата кој е за или кој е против. Да направиме ова истражување како што сами ветивте во ова ќе бидат јавно презентирани и потоа ќе зборуваме дали овој проект е применлив, дали овој проект е одржлив, дали е реален проект. Или како што и самите велите од

дадените податоци откога ќе се направи анализата ќе се извлече листа на потребен број на капитални инвестиции по региони.

Вие можеби не по ваша вина со Евро национал четири месеци не можете да го започнете реконструирањето. Не можете да го отпочнете, или пак го чекаме реконструирањето на "Зев Љуш Марку" пет години, всушност не е четири месеци. А, за време од една година без анализа ние ќе влеземе да откриваме капитални инвестиции што ќе ги правиме. Каде, во кој дел, дали тоа ќе биде приоритет за турската заедница, дали ќе биде тоа за ромската заедница како најранлива група и сето тоа планираме да го завршиме до јули месец наредната година, а само реков 30 општини во овој момент имаат средни и основни училишта од 84 кои што треба да ги покриеме.

Затоа сметаме дека овој законски проект е избрзан, е без вистинска анализа, пропратен со не ценење на квалитетниот кадар во Република Македонија кој што знаете и самите во секторот се професионалци кои што работеа.

Не е направена вистинска анализа и соработка со ЗЕЛС за да ги понуди клучните стручни квалификации. Преголем е ризикот во влегување во капитални инвестиции во овој дел кога не знаеме, таа анализа се уште ја немаме и се плашам, реков се плашам да не дојдеме во ситуација да треба ова да се одлага, а тогаш министре знаете одговорноста ќе биде ваша, бидејќи парламентарното мнозинство и без бројки ќе го притисне копчето за. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули за вашиот сеопфатен говор во кој опфативте најмалку 5-6 Предлог закони. Исто така ви благодарам што со за вас својствените дигресии укажавте кој каква позиција има во ДПА и кои се непросмислените потези на Владата.

Бидејќи нема време за реплика, репликите ќе мора да останат за утрешната седница.

Министерот е пријавен исто така.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)